| Категорија / Ставка | О П И С | Буџет | Приходи од самофинан. активности | Приходи од дотации | Приходи од донации | Приходи од кредити | ВКУПНИ ПРИХОДИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 84.543.112 | 7.615.650 | 84.005.776 | 9.609.734 | 2.586.235 | 188.360.507 |
| | | Б У Џ Е Т | | | | | |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **24.344.629** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24.344.629** |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 3.150.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.150.000 |
| 713 | Даноци на имот | 7.056.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 7.056.000 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 13.141.129 | 0 | 0 | 0 | 0 | 13.141.129 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 997.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 997.500 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | **2.509.500** | **7.615.650** | **0** | **0** | **0** | **10.125.150** |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 787.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 787.500 |
| 723 | Такси и надоместоци | 157.500 | 7.510.650 | 0 | 0 | 0 | 7.668.150 |
| 724 | Други владини услуги | 52.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 52.500 |
| 725 | Други неданочни приходи | 1.512.000 | 105.000 | 0 | 0 | 0 | 1.617.000 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | **1.239.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.239.000** |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 1.239.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.239.000 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | **56.449.983** | **0** | **84.005.776** | **9.609.734** | **0** | **150.065.493** |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 56.449.983 | 0 | 84.005.776 | 0 | 0 | 140.455.759 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 6.428.234 | 0 | 6.428.234 |
| 744 | Тековни донации | 0 | 0 | 0 | 3.181.500 | 0 | 3.181.500 |
| **75** | **ДОМАшНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **2.586.235** | **2.586.235** |
| 754 | Друго домашно задолжување | 0 | 0 | 0 | 0 | 2586235 | 2.586.235 |

# БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2030

## Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Б У Џ Е Т | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Буџет | Расходи од самофинан. активности | Расходи од дотации | Расходи од донации | Расходи од кредити | ВКУПНИ РАСХОДИ |
| | | **84.543.112** | **7.615.650** | **84.005.777** | **9.609.735** | **2.586.235** | **188.360.509** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **14.465.192** | **0** | **66.078.077** | **0** | **0** | **80.543.269** |
| 401 | Основни плати | 8.980.937 | 0 | 47.242.994 | 0 | 0 | 56.223.931 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 3.436.755 | 0 | 18.386.733 | 0 | 0 | 21.823.488 |
| 404 | Надоместоци | 2.047.500 | 0 | 448.350 | 0 | 0 | 2.495.850 |
| **41** | **РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | **31.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **31.500** |
| 412 | Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 10.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.500 |
| 413 | Тековни резерви (разновидни расходи) | 21.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 21.000 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **17.551.800** | **6.755.700** | **9.721.426** | **9.110.206** | **0** | **43.139.132** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 168.000 | 99.750 | 56.700 | 428.511 | 0 | 752.961 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 3.786.300 | 432.600 | 3.823.050 | 48.038 | 0 | 8.089.988 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 698.250 | 4.473.000 | 2.019.569 | 215.985 | 0 | 7.406.804 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 5.502.000 | 724.500 | 577.500 | 1.484.942 | 0 | 8.288.942 |
| 425 | Договорни услуги | 1.727.250 | 547.050 | 1.998.150 | 6.448.575 | 0 | 10.721.025 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.470.000 | 268.800 | 292.950 | 484.155 | 0 | 2.515.905 |
| 427 | Привремени вработувања | 4.200.000 | 210.000 | 953.507 | 0 | 0 | 5.363.507 |
| **45** | **КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | **210.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **210.000** |
| 452 | Каматни плаќања кон домашни кредитори | 210.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210.000 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **1.653.750** | **255.150** | **913.500** | **0** | **0** | **2.822.400** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 525.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 525.000 |
| 464 | Разни трансфери | 1.128.750 | 255.150 | 913.500 | 0 | 0 | 2.297.400 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **535.500** | **0** | **0** | **0** | **0** | **535.500** |
| 471 | Социјални надоместоци | 535.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 535.500 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **48.730.370** | **604.800** | **7.292.774** | **499.529** | **2.586.235** | **59.713.708** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 147.000 | 252.000 | 273.000 | 283.964 | 0 | 955.964 |
| 481 | Градежни објекти | 105.000 | 210.000 | 0 | 215.565 | 0 | 530.565 |
| 482 | Други градежни објекти | 48.431.120 | 0 | 6.740.474 | 0 | 2.586.235 | 57.757.829 |
| 483 | Купување на мебел | 47.250 | 126.000 | 262.500 | 0 | 0 | 435.750 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 16.800 | 16.800 | 0 | 0 | 33.600 |
| **49** | **ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | **1.365.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.365.000** |
| 493 | Отплата на главнина до други нивоа на власт | 1.365.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.365.000 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/3 — Општина Пехчево
23.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.61/04, бр.96/04, бр.67/07, бр.156/09, бр.47/11, бр.192/15 и 209/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22,170/24 и 37/25), член 31 од Законот за буџетите (Службен весник на Република Северна Македонија” бр.203/22, 59/23, 39/24, 76/24 и 272/24), член 93 став 2 од Законот за административните службеници (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 144/25 и 252/25), одредбите на Гранскиот колективен договор за органите на државната управа, стручните служби на Владата на Република Северна Македонија, судовите, јавните обвинителства, казнено – поправните и воспитно – поправните установи, државното правобранителство, општините, Градот Скопје и општините на Градот Скопје, агенциите, фондовите и другите органи основани од Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/20 и 172/21),одредбте од Колективниот договор помеѓу Општина Пехчево и Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженија на граѓаните на РМ (УПОЗ) бр.03-89/2 од 31.03.2023 година и член 30 од Статутот на Општина Пехчево (“Службен гласник на Општина Пехчево” бр.03/2021), Советот на Општина Пехчево на 3-та седница одржана на 23.12.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за извршување на Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година**

Член 1

Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на дотации, Буџет на кредити и Буџет на донации.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои општината и буџетските корисници не можат да преземаат обврски.
За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.
Градоначалникот на општината во случај кога очекуваните приходи и други приливи на основните буџети се реализираат на повисоко ниво од планот може да изврши дополнителни отплати на главнина и камата на долг.
Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината изменување и дополнување на Буџетот.
Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на Буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 6

Пренамената во рамките на одобрените Буџети на општината и буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.
Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.
Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на буџет и потпрограма не може да бидат намалени повеќе од 20% со Одлука за прераспределба во тековната фискална година.
Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не можат да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на дотации, буџетот на донации и/или буџет на заеми планираните приходи и други приливи не се реализираат, односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, согласно законските прописи.
Коефициентот за утврдување на плата на избраните и именуваните лица - Градоначалникот се определува според бројот на жителите во општината и изнесува 2,08 а вредноста на коефициентот за

плата ,основицатна која се пресметува е просечно исплатена плата по вработен за претходната година, согласно Државниот завод за статистика .
За вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на бруто платите се утврдува со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници, која ја донесува Советот.
За вработени кои немаат статус на државни службеници бруто плата се пресметува така што износот на минималната плата се множи по коефициентот на сложеност на работното место.
Бруто платите на вработените во локалните јавни установи за 2026 година ќе се исплатуваат согласно утврдените коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните колективни договори со ресорните министерства и Колективниот договор потпишан помеѓу Општина Пехчево и Синдикатот на работниците од управата , правосилните органи и здруженија на граѓани на РМ бр. 03-89/1 од 17.01.2023 година .

Член 10

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок дотации се спроведува на следниот начин:

- средствата се планираат на наменската сметка дотации (930), а се извршуваат преку сметката-дотации на локални јавни установи (903),
- локалните јавни установи финасирани со блок дотации од општинскиот буџет се должни во рок од два дена пред исплатата на платите на вработените до Општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе приложат образец Ф-1 за бројот на вработените по име и презиме, плата како и други податоци предвидени во образецот во пишана и електронска верзија (електронска пошта и друго) за односниот месец за кој се однесува исплатата, кое се доставува до надлежното Министерство .
- во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот буџет истите се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1, а за новите вработувања кои се финансираат од блок дотацијата се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи кои се финасираат од општинскиот Буџет (Буџетот на дотации) ја контролира и одобрува Министерството за финасии.
Градоначалникот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до надлежното Министерство од кое се трансферира блок дотација.
Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерство за финасии за контрола и евиденција.

Член 12

На членовите на Совет на Општина Пехчево им припаѓа месечен надоместок за присуство на седницата на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Пехчево се утврдува во процентуален износ и изнесува 40 % од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.
На претседателот на Совет на Општина Пехчево за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од став 2 на овој член се зголемува за 30%.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на Советот.
Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.
Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.
На членовите на Советот на Општина Пехчево им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 13

Исплата на име надомест за годишен одмор ќе се врши од програма – Општинска администрација – Е0 и програма – Градоначалник – Д0 од расходно конто 404110 - Надомест за годишен одмор, на основа донесено решение од Градоначалникот. За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на регрес за годишен одмор ги обезбедува работодавачот од ставка 427110 – Привремени вработувања, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања по претходно платена фактура од
општината кон Агенцијата.
Висината на надоместокот за годишен одмор се утврдува во износ не повеќе од 60% од просечната месечната нето плата во Република Северна Македонија објавена до денот на исплатата.

Член 14

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500,00 денари.
Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.
За патување од 8 до 12 часа се исплатува 50 % од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.
Доколку на вработениот му се обезбедени ноќевање, превоз и храна од организаторот, му следуваат 20 % од утврдениот износ во став 1 од овој член.
Износот на дневниците за службено патување во странство се исплатуваат согласно Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство, што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци и тоа:

- 50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата,
- 20% од утврдената дневница, ако издатоците за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управување.
- 5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на управување, а престојот е над 30 дена.

Пресметката на издатоците за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:

- една дневница - за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа и
- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

Член 15

Во случај на непрекинато боледување подолго од шест месеци на вработениот во општината и локалната јавна установа му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето - плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од двократен износ на просечната месечна нето - плата по работник во Републиката, објавена до денот на исплатата.

На вработениот во општината и локалната јавна установа, во случај на смрт на член на потесно семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во износ на една просечна месечна нето – плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците од ставовите 2 и 3 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање со комплетирана документација во годината на настапување на смртта, односно во годината која следи по годината на настапување на смртта и донесено решение од страна на Градоначалникот на општината.

Средствата за овие намени се планираат во Буџетот на општината на соодветните програми - за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во програмите Н1 - Основно образование, В1 - Детски градинки, К1 - Библиотекарство и К2 - Музичко и сценско-уметничка дејност од подставка 464990 – Разни трансфери.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.

Член 16

Во случај на заминување на работникот во пензија, вработен во Општината и/или локалната јавна установа, му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Средствата за вработениот во општината се планираат во програмата Е0 – Општинска администрација, односно за вработениот во локалната јавна установа во програмите Н1 - Основно образование, В1 - Детски градинки, К1 - Библиотекарство и К2
- Музичко и сценско-уметничка дејност на ставка 464 Разни трансфери – 464940 – Трансфери при пензионирање.

Член 17

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, со ситуација и други документи почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност на 6.000,00 денари, при што задолжително мора да биде приложена фискална сметка, а расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 18

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва) во програма А0-Совет на општина, одлучува Советот на општината, а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во Буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма Д0-Градоначалник, одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 денари.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 19

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2026 година одлучува Градоначалникот на општина Пехчево во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од подставките во програма Совет на општина А0 и тоа:

- тековна резерва, трансфери до здруженија на граѓани и фондации и трансфери до невладини организации;
- трансфери до спортски клубови и
- други трансфери за кои одлучува Советот на општина Пехчево .

Член 20

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 21

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства Градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Министерство за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

Член 22

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Правото на поврат, односно пренасочување на приходите, застарува во рок од пет години од денот кога истите се уплатени, доколку со друг закон не е поинаку уредено.

Член 23

Општината и локалната јавна установа водат евиденција и вршат пријавување на преземени повеќегодишни обврски (ПО1 образец) и преземени обврски за тековната година (О1 образец).

Член 24

Буџетот на Општина Пехчево се извршува од 1 јануари до 31 декември 2026 година.

Член 25

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Пехчево”, а ќе се применува од 1 Јануари 2026 година.

Бр. 08-1437/1<br>23.12.2025 год.<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/4 | Општина Пехчево
23.12.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 88 став 2 од Законот за административни службеници Службен весник на Република Северна Македонија бр. 144/25 и 252/25), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02 и 202/24) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево, на 3-рата седница одржана на 23.12.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево, а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

Бр. 08-1438/1 | Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. | Претседател
Пехчево | Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/5
23.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 20 од Законот за платен промет (Службен весник на РМ бр. 113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13,
153/15, 199/15, 193/17 и 7/19 и Службен весник на РСМ бр. 31/20, 39/22), член 36 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Службен гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на 3– тата седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2026 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2026 година се утврдува во износ од 50.000,00 (педесет иљади) денари.

**Член 2**

Остварениот прилив на парични средства во благајната од дневен пазар и по други основи ќе се уплатува на трезорска сметка истиот ден или најдоцна наредниот работен ден.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1439/1
23.12.2025 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/6
23.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Сл.весник на Р.М.бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и Сл.весник на Р.С.М. бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Советот на Општина Пехчево на 3- та седница одржана на ден 23.12.2025 година донесе:

## БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
## за 2026година

Член 1

| ДАТУМ | АКТИВНОСТ | ОДГОВОРНОСТ | ЗАКОН |
|---|---|---|---|
| Јануари | Почеток на нова буџетска година. | | |
| Јануари | Општинските буџетски корисници изготвуваат годишни финансиски планови по квартали за користење на одобрените средства и ги доставуваат до општината.<br>За користење на одобрени средства во даден квартал општинските буџетските корисници доставуваат финансиски план по месеци. | Општински буџетски корисници | Закон за буџети |
| Февруари<br><br>15 Февруари<br><br>28 Февруари | Изготвување на Годишна сметка на Буџетот на општината<br><br>Достава на Годишната сметка до Советот на општината.<br><br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови. | Одделение за финансиски прашања<br>Градоначалник<br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |
| 15 Март<br><br>31 Март | Советот на општината ја донесува Годишната сметка на Буџетот на општината.<br><br>Градоначалникот ја доставува усвоената Годишна сметка до Министерството за финансии.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Совет на општина<br>Градоначалник<br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Април<br><br>15 Април<br><br>30 Април | Изготвување на квартални извештаи за прв квартал од тековната година со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Совет на општина<br>Градоначалник<br>Министерство за финансии<br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |
| Април-Мај | Подготвување на општински буџетски циркулар од страна на Градоначалникот со образложение за потребните средства и негова достава до општинските буџетски корисници. | Градоначалник | |
| Мај<br>15 Мај | Достава на финансиски планови од страна на општинските буџетски корисници за користење на вишокот на приходи од претходна година и анализа на реализацијата на приходна и расходна страна на Буџетот на општината со целда се утврди потребата од Измени и дополнувања на Буџетот – Ребаланс и истиот да биде предложен до Советот на општината за усвојување.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Општински буџетски корисници<br>Градоначалник<br>Совет на општина | Закон за финансирање на ЕЛС |
| Јуни<br><br>15 Јуни | Општинските буџетски корисници ги доставуваат предлог пресметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |
| Јули<br>15 Јули<br>31 Јули | Изготвување на квартални извештаи за втор квартал со образложение за извршувањето на Буџетот.<br>Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до | Совет на општина<br>Градоначалник<br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Советот на општината за усвојување. Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | | |
| Август<br>15 Август | Одделението за финансиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог пресметки од страна на општинските буџетски корисници и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-Буџет.<br>Градоначалникот ги разгледува новите барања и предлози и по нив одлучува и дава насоки.Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Одделение за финансиски прашања<br>Градоначалник<br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |
| 15 Септември<br>30 Септември | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на Предлог-Буџетот за наредната година и висината на дотациите од Буџетот на РСМ.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Општински буџетски корисници | Закон за буџети<br>Закон за финансирање на ЕЛС |
| Октомври<br>15 Октомври | Градоначалникот и вработените во одделенијата се состануваат за да ги одредат приоритетите и проектите при изготвувањето на Предлог-Годишните програми за реализација во наредната година.<br>Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Градоначалник,<br>Раководители на одделенија<br>Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |
| Октомври | Градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови | | Закон за финансирање на ЕЛС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Октомври 20 Октомври | Се изготвува и доставува Предлог-план на програми за развој до Советот на општината. | Раководители на одделенија, Градоначалник | Закон за буџети |
| Октомври 31 Октомври | Изготвување квартални извештаи за трет квартал со образложение за извршувањето на Буџетот. Градоначалникот ги доставува до Министерството за финансии и до Советот на општината за усвојување. | Совет на општина Градоначалник | Закон за финансирање на ЕЛС |
| Ноември 15 Ноември | Се донесува Планот на програми за развој и доколку има потреба Градоначалникот предлага до Советот на општината Измени и дополнувања на Буџетот – Ребаланс. Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Совет на општината Општински буџетски корисници | Закон за буџети Закон за финансирање на ЕЛС |
| Ноември | Се изготвува Нацрт-Буџет од страна на финансискиот оддел на општината Градоначалникот го разгледува и одобрува Нацрт-Буџетот и се објавува на WEB страната на општината Се води јавна расправа од Советот на општината, НВО, Здруженија на граѓани, Месни заедници и заинтересирани граѓани | Одделение за финансиски прашања Градоначалник Совет на општина Јавна расправа | |
| Декември 15 Декември | Се донесуваат Годишните програми за работа на одделенијата. Општинските буџетски корисници до Градоначалникот доставуваат месечни извештаи со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Совет на општина Општински буџетски корисници | Закон за финансирање на ЕЛС |
| Декември | Градоначалникот го доставува конечниот Предлог-Буџет до Советот | Градоначалник | |
| Декември | Телата на Советот на општината водат расправа по доставениот Предлог-Буџет | Комисија за финансирање и буџет | |
| Крај на декември | Седница на Советот на општината за донесување на:<br>- Буџетот за наредната буџетска година<br>- Одлука за извршување на Буџетот<br>- Буџетски календар | Совет на општина | Закон за финансирање на ЕЛС |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Одлука за времено финансирање, согласно Законот за финасирање на ЕЛС, доколку Советот не го усвои Предлог-Буџетот | | |

Член 2

Буџетскиот календар на Општина Пехчево за 2026 година влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Пехчево“.

Бр. 08-1440/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/7 | Општина Пехчево
23.12.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2025 година бр.0302-69/1 од 04.12.2025 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1441/1 | Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. | Претседател
Пехчево | Миле Гошевски с.р.

**Годишен извештај за работата на Општинска установа**
**Матична библиотека „Кочо Рацин“ – Пехчево за 2025г.**

Изминатава 2025 година беше доста плодна и полна со активности за библиотеката „Кочо Рацин“. Континуитетот се задржа со секој изминат месец.

**Јануари** Убав почеток за нови активности во годината што ни претстои. На 15 Јануари во просториите на библиотеката се одржа трибина наменета за средношколците на тема: " Значењето на празниците".Гостин на трибината беше отец Горан кој зборуваше за Бадник и лепчето со паричка, за Божиќ и Христовото раѓање за Василица, Водици и одговараше на поставените прашања од страна на директорката и присутните гости.

Секое годишно време има своја приказна,свои карактеристики и убавина на свој начин. Едно од омилените годишни времиња за децата е зимата. Кога снежната кралица се појавува,со себе го носи и снегот бел - предизвик за насмевка на детските лица, предизвик за правење снешко и санкање низ снежните патеки. По тој повод на 22 Јануари во библиотеката се одржа работилница со учениците од III одделение на тема: "Изработка на снешко". Од страна на библиотекарката Јасмина Цековска беа нацртани деловите на телото на снешко бел,а учениците имаа за задача да ги исечат сликите и да ги состават деловите. За нивниот труд од страна на директорката Костадинова беа наградени.

На 29 Јануари во библиотеката се одржа натпревар во играње шах со учениците од основното училиште. Децата беа поделени во групи,три пара по двајца натпреварувачи. Пред да започне натпреварот се обработуваше книгата "Ајде да играме шах" од Орце Данчевски. Библиотекарката Јасмина Цековска им ја прочита легендата за настанокот на играта шах. Директорката им даде за задача да напишаат реченици за значењето на шахот од разни личности. Натпреварот се одвиваше со голема возбуда. Давор Поповски беше најдобар и освои прво место. Веднаш по него беше Иван Магдов кој освои второ место. Третото место му припадна на Михаил Цековски. Од страна на директорката Костадинова на победниците им беа доделени скромни подароци. Се натпреваруваа и останатите учесници Борис Таковски, Филип Цековски и Максим Секуловски.

**Февруари -**Февруари е месец во кој библиотеката имаше предвидено повеќе активности. По тој повод во храмот на книгите се реализираше првата активност наречена "Квиз на знаење". Учествуваа возрасни членови и соработници на библиотеката. Учесниците одговараа на прашањата поставени од страна на директорката Костадинова од обласа на биологијата,музиката,литературата,спортот,модата,архитектурата. Во вториот дел беа поделени во две групи и тоа учесници од понежниот пол и учесници од посилниот пол. Бидејќи резултатот беше нерешен,одговараа на дополнителни прашања од разни области. Учесниците ги избраа победниците. Првото место го освои Љупчо Костадинов,второ место Магдалена Симовска и трето место Иван Јангелов. Сите учесници добија благодарници за учество и скромни подароци од страна на директорката на библиотеката. Беше тоа една вечер исполнета со знаење,но и со хумор и смеа.

Во пресрет на Св. Трифун и Св. Валентин во библиотеката се одржа настан под мотото "Во чест на виното и љубовта" со учениците од IV одделение од подрачното училиште од с. Црник под менторство на наставничката Оливера Кратевска. Бидејќи учениците од с. Црник прв пат доаѓаат во градската библиотека,директорката ги запозна со работењето на институцијата. А потоа им го објасни значењето на двата празника,им раскажа за Трифун и Валентин и на поставените прашања дадоа точни одговори. Успешно ја завршија задачата што им беше дадена,а за тоа беа наградени.

Тимот библиотекарки беа во посета на ОЈУДГ " 7 Септември" кај големата група дечиња под менторство на воспитувачката Магдалена Гошевска и негователката Агница Мишевска. Настанот се одржа по повод православниот празник "Св Трифун"- празникот на лозарите и винарите и католичкиот празник " Св. Валентин"- денот на вљубените. Од страна на библиотекарката Цековска беа подготвени цртежи кои беа асоцијација на Трифун и Валентин,а дечињата имаа за задача со салфетки во боја да ги исполнат срцата и гроздовите од цртежот. Со музика и песна од страна на професорот по музичко образование Драган Колевски атмосферата ја достигна својата кулминација. На крајот од часот вредните дечиња добија скромни подаророци од страна на директорката Костадинова. Но и тимот библиотекарки доби подарок од страна на децата и воспитувачкиот кадар.

Во холот на ООУ"Ванчо Китанов" се одржа трета по ред "Кулинарска,музичко- поетска вечер" во организација на Матична библиотека "Кочо Рацин" и Организацијата на жените на Пехчево. Оваа година зедоа учество над 27 учесници од понежниот пол и 1 учесник од посилниот пол Ален Атанасовски од Делчево. Сите учесници се претставија со свои специјалитети,а од страна на директорката на библиотеката добија благодарници за учество. Програмата беше збогатена со музички дел во кој учествуваше професорот по музичко образование Драган Колевски и триото гитаристи Димитар Андоновски,Бојана Ѓузелова и Јана Тодоровска под менторство на Жаклина Узунова. Во поетскиот дел учествуваа учениците од основното и средното образование кои во 2024 година се здобија со награди на разни поетски манифестации под менторство на Габриела Костадинова.

Во нашата библиотека имавме средба со учениците од IX одделение под менторство на наставничката Магдалена Симовска. Нивната посета беше по повод одбележувањето на 21 Февруари - Светскиот ден на мајчиниот јазик. На 30 седница на Генералната конференција на УНЕСКО во 1999 година е донесена одлука за одбележување на 21 Февруари како Меѓународен ден на мајчиниот јазик - истакна директорката Костадинова. Меѓу другото им кажа дека 21 Февруари го преставува денот кога биле убиени студенти од страна на полицијата во Бангладеш. Студентите протестирале за признавање на нивниот бенгалски јазик, а не на урду јазикот како што сакале властите. По тој повод учениците заедно со наставничката Магдалена ни подготвија краток драмски текст за мајчиниот јазик. Изработија и букет од цветови и во нив ги напишаа зборовите мир и сонце на повеќе јазици. Се пишуваа и пораки за јазикот од нашите великани Конески,Мисирков, К. Неделковски и други.

**Март** Во посета на подрачното основно училиште во село Црник беа тимот библиотекарки од ОУМБ"Кочо Рацин". Со учениците од I, II и III одделение под менторство на наставничките Весна Мавровска, Емилија Цикарска и Емилија Димевска се одржа креативна работилница на тема: " Честитка за мојата мајка". Вредните ученици по примерот на библиотекарката Јасмина Цековска успешно ја завршија зададената задача и затоа беа наградени од страна на директорката Костадинова. Но и учениците со помош на наставничките подарија цветен букет на библиотекарките. Работилницата се одржа по повод 8 Март.

Меѓународниот ден на жената има историска поврзаност со бројните протести што ги организирале жените борејќи се да бидат рамноправни со мажите. Секоја година 8 Март се слави за да се одбележат и почитуваат достигнувањата на жените,да се подигне свеста за родовите разлики и дискриминацијата,како и да се промовира глобалната подршка за жените. По тој повод во библиотеката се одржа трибина на тема: "Силна жена- силно општество" чиј главен збор го имаше претседателката на ОЖП др. Нада Симовска. Темата беше поттик за развивање дискусија од страна на присутните читателки. Секоја година по повод 8 Март директорката им подарува каранфили и благодарници на жените кои имаат најмногу прочитани книги во месец Февруари. Од името на вработените на ОУМБ"Кочо Рацин" честитки до сите мајки,девојки,жени,баби по повод 8 Март.

Март е месец во кој се одбележуваат многу датуми. По тој повод денеска во кафе бар "Ким" се одржа ликовна и поетска работилница со ученици од основното образование и возрасни читатели. Преку цртежи се одбележа денот на ластовичката и денот на пролетта,а преку лични творби се одбележа и Светскиот ден на поезијата. Се читаа и песни од Кочо Рацин и Ацо Шопов. Неколку години по ред библиотеката " Кочо Рацин" се придржува на кампањата "Плати кафе со поезија" по повод 21 Март- Светски ден на поезијата.

Директорката на библиотеката беше во посета на ОЈУДГ "7 Септември" по повод одбележувањето на 2 Април - светски ден на литературата за деца. Со големата група дечиња под менторство на воспитувачката Магдалена Гошевска и негователката Агница Мишевска се обработуваше сликовницата " Малата сирена" од данскиот писател Андерсен по повод неговиот роденден. Директорката Костадинова ги запозна дечињата со значењето на овој ден,им ја прочита приказната "Малата сирена",а потоа секое дете одговараше на поставените прашања од нејзина страна. Беа подготвени и цртежи на истата тема и секое дете боеше по еден цртеж. На

крајот дечињата со помош на тимот воспитувачка- негователка од цртежите изработија сликовница - подарок за библиотеката "Кочо Рацин".

Во библиотеката се одржа креативна работилница на тема: "Декорација на велигденски јајца" со учениците од III одделение. Работилницата се одржа по повод големиот христијански празник Велигден. Директорката на почетокот им го објасни значењето за празникот,за бојадисувањето на црвените јајца, за воскреснувањето на Исус Христос и сл. Библиотекарката Јасмина им го објасни начинот за декорирање на јајца со помош на фломастери и салфети и изработка на зајчиња од украсни салфетки. На крајот дел од учениците изработија цртежи од салфетки во боја. Детската насмевка и среќниот израз на нивните лица е најголема сатисфакција за тимот библиотекарки.

По повод 23 Април - Светски ден на книгата и авторското право во Свети Николе се одржа поетската манифестација "Пролет,љубов,смеа" . На оваа манифестација учествуваше и библиотеката " Кочо Рацин" од Пехчево со учениците од основно и средно образование. Михаил Цековски се натпреваруваше во категоријата од VI до IX одделение и ја освои наградата "Најдобра интерпретација". А Јана Тодоровска се натпреваруваше во категоријата Младинци до 18 години и ја освои првата награда под менторство на Габриела Костадинова.

По повод 23 Април - Светскиот ден на книгата и авторското право,во организација на библиотеката " Кочо Рацин" и ООУ"Ванчо Китанов" се одржа работилница со писателката Јадранка Клисарова и обработка на лектирата дело " Децата од моето училиште" во издание на " Тримакс" со учениците од III одделение под менторство на наставничките Емилија Станоевска и Ајнура Арнаутова. Авторката Јадранка Клисарова ги запозна учениците со нејзиното творештво. Учениците поставуваа прашања,таа одговараше со соодветни одговори за да ја задоволи нивната љубопитност. Учениците заедно со авторката правеа анализа на обработената лектира,за впечатоците кои ги имаат,за најубавите раскази,за пораките кои ги извлекле. Една убава средба,за еден убав повод.

**Мај -** Во Врање - Р. Србија се одржа завршна манифестација "Гоцеви денови" во организација на ЗГМНЗ"Гоце Делчев" Пчињски округ - Врање. На конкурсот што беше распишан од нивна страна учествуваше и библиотеката " Кочо Рацин" со учениците Бојана Јовевска во категорија основци и Елена Коцева во категорија средношколци под менторство на Габриела Костадинова. Елена Коцева учествуваше и на ликовниот конкурс на тема "Гоце Делчев - живот и дело". Бојана Јовевска го освои второто место на литературниот конкурс во категоријата - основци и Елена Коцева го освои второто место во категорија - средношколци. Габриела Костадинова доби Златна плакета за извонреден придонес во работата и афирмацијата на ЗГМНЗ"Гоце Делчев"-Врање. Во отсуство на Бојана наградата ја прими и ја прочита песната Михаил Цековски кој со своето рецитирање ги освои симпатиите на публиката.

Одбележување на 5 Мај - Денот на македонскиот јазик,денот кога во 1945 година е озаконета македонската азбука. На 5 Мај 1945 година со Решение на Народната влада е усвоена азбуката на македонскиот јазик врз принцип еден глас- една буква. На 7 Јуни 1945 е усвоен и Правописот на македонскиот јази. По тој повод директорката им подготви квиз- натпревар меѓу ученици и возрасни од областа на македонскиот јазик. И двете екипи одговорија солидно,со ист број бодови. Следуваше дополнително прашање кое беше пресудно екипата- возрасни учесници да биде победник на  квизот. Се пишуваа и пораки за македонскиот јазик,а исто така се читаше поезија од роднокрајни автори од Општина Пехчево.

Во организација на Општинска установа - Матична библиотека "Кочо Рацин" и Градоначалник на Општина Пехчево во Едукативниот центар за зачувување на природата во с. Негрево се одржа поетско дружење помеѓу поети од Здружение на пензионери- литературни творци од Скопје и учениците и соработниците при ОУМБ"Кочо Рацин"- Пехчево. Учениците се претставија со рецитал и свои творби под менторство на Габриела Костадинова пред поетите од Скопје. Покрај директорката на библиотеката,топло добредојде им посака и Градоначалникот на Општина Пехчево г-дин Александар Китански.

**Јуни -** Во Битола се одржа прва Меѓународна конференција - Иновативни библиотечни програми на која со свој стручен труд на тема: "Практично - иновативен пристап кон лица од маргинализирани кориснички групи" учествуваше директорката Габриела Костадинова од Пехчево.

**Јули -** Место: Библиотека "Кочо Рацин"
Настан: "Силата на читањето".
Повод: Наградување на читатели рекордери пролет- лето ( период Април- Јуни)..
Епитетот "Читател- рекордер пролет-лето" и припадна на Ајнура Арнаутова. Благодарност и до останатите читателки кои беа наградени по разни жанрови.

Во рамките на проектот - Хортикултурна библиотека во Детската градинка "7Септември" се одржа креативна работилница на тема"Цвеќето и јас" на која учествуваа дечињата од малата и големата група под менторство на воспитувачките Снежана Вучковска и Станка Стаменковска и негователката Стефанија Вуксанова. На крајот од часот директорката на библиотеката заедно со дечињата испратија порака за цвеќето. За успешно реализираниот час дечињата добија скромни подароци.

**Август** - Во преполниот хол во гимназијата во Пехчево се одржа настан: "Промоција на творечкиот опус на Славјанка Димова" - родена во Пехчево,со место на живеење во Скопје во организација на ОУМБ"Кочо Рацин".

**Септември -** Во парк "Езерце" во соработка со Општина Пехчево и волонтерка Шејна Мелтцер и ООУ "Ванчо Китанов" се одржа работилница на англиски јазик на тема" Back to school" ( Враќање во училиште) со учениците од IV одделение под менторство на Емилија Станоевска и Ајнура Арнаутова. Шејна ја прочита приказната "The Teacher from the Black Lagoon",а децата имаа за задача да одговорат на поставените прашања. А исто така имаа за задача да кажат зборови ( именки,придавки,глаголи) на англиски јазик кои беа употребени за составување на смешна забавна приказна. За крај од страна на вработените во библиотеката беа изработени обележувачи за книга на кои децата ја употребија својата имагинација.

Во просториите на библиотеката се одржа активност за почеток на школската година со учениците од VIII одд. Секој од нив имаше за задача да извлече песна и врз основа на тоа да создаде рецитал на тема: " Денови полни со смеење". Идејата беше да се види колку учениците можат да се креативни и за кратко време да создадат рецитал од дадени песни.

Во Банско,Струмица се одржа Форум "Размена на идеи за добри практики" на кои учествуваа библиотеки од повеќе градови во Македонија,како и библиотеки од Србија,Бугарија и Хрватска. Претставник од ОУМБ"Кочо Рацин" - Пехчево беше директорката Габриела Костадинова која имаше труд на тема:"Споделување добри практики во работењето на библиотеката".

**Октомври -**По повод Недела на детето ОУМБ"Кочо Рацин" реализираше забавно- едукативна работилница во ОЈУДГ"7 Септември" со големата група дечиња под менторство на воспитувачката Станка Стаменковска и негователката Стефанија Вуксанова. Ја обработувавме сликовницата " Кошница со калинки" од Марина Мијаковска. Децата преку цртежи ја раскажаа содржината,ги боеја цртежите со калинки и разговаравме за овошјето и неговата важност. Низ игра и песна учеа нови зборови на англиски јазик благодарение на волонтерката од О.Пехчево Шејна Мелтцер. Вистинска мешавина од боја,песна и знаење- токму како детството треба да биде. На крајот од работилницата директорката на библиотеката им подари сликовници,но и доби подарок од страна на дечињата и воспитувачките од ОЈУДГ"7 Септември".

Во организација на ЈОУ Библиотека "Искра"- Кочани и литературниот клуб " Копнеж" кој функционира во нејзини рамки во Кочани се одржа Детски поетски фестивал " Мајски цвет" на кој учествуваа учениците од основно образование од повеќе градови од Македонија. ОУМБ" Кочо Рацин" учествуваше со учениците читатели на библиотеката Михаил Цековски кој имаше извонреден поетски настап и Бојана Јовевска која во категоријата - пофалени песни доби награда под менторство на Габриела Костадинова која

доби Благодарница за ментор и Признание за библиотека. Детскиот поетски фестивал " Мајски цвет" годинава одбележува значаен јубилеј,50 години постоење.

Во рамките на одбележувањето на Месец на книгата во просториите на библиотеката се реализираше активност со учениците од прво одделение под менторство на наставничката Елизабета Таковска Вучковски. Настанот беше осмислен како квиз на знаење " Што знам јас", каде што децата на забавен и креативен начин ја покажаа својата љубопитност и досегашни знаења. Дополнително решаваа задачи од прирачникот " Математички текнувалки" што преставува можност учениците да вежбаат логичко размислување и решавање проблеми преку игра. На крајот од активноста како изненадување и награда за нивниот труд и учество директорката на библиотеката им подари сликовници кои ќе ги поттикнат понатаму да читаат и да ја развиваат љубовта кон книгата. Покрај тоа секое дете доби мали слатки радости што дополнително ја разубави атмосферата и ја заокружи дружбата со детски насмевки.

Во рамките на соработката со основното училиште "Ванчо Китанов" беше реализирана едукативна-креативна активност со учениците од прво одделение под менторство на наставникот Влатко Марковски. Средбата започна со заедничко читање на приказната " Мачето Марко и кучето Дарко",преку која децата се запознаа со темите за пријателство,помагање и добрина. По читањето следуваше разговор при што на децата им беа поставувани прашања за содржината и пораката на приказната,а тие активно учествуваа со свои одговори и размислувања. Во креативниот дел учениците ги илустрираа главните ликови од приказната изразувајќи ја својата имагинација преку боење на цртежи. За дополнителна забава и учење беа читани и кратки песни поврзани со неколку букви од азбуката,а децата имаа задача да погодуваат предмети кои започнуваат со дадената буква. На крајот секое дете доби подарок од страна на директорката на библиотеката. Настанот се реализираше по повод Месец на книгата.

**Ноември -** Во рамките на одбележувањето на "Месецот на книгата", библиотеката "Кочо Рацин" реализираше едукативно- креативни активности со ООУ " Дедо Иљо Малешевски"-Берово,наменети за учениците од трето одделение под менторство на наставничката Маја Костадинова. Целта на активностите беше да се поттикне љубопитност, истражувачки дух и позитивен однос кон книгата и читањето преку интерактивни и забавни содржини. Темата на средбата беше есен- годишно време кое нуди богатство од бои,промени и инспирација за учење. По воведниот разговор со учениците за карактеристиките на есента следуваше квизот " Што знаеш за есента" во кој децата одговараа на прашања поврзани со природните појави и промените што есента ги нуди. Се реализираше и вториот квиз " Малите истражувачи" кој опфати прашања од обласа на математиката,јазикот и литературата,како и природо и општество. Настанот заврши со креативна активност - боење цртежи со есенски мотиви,каде што учениците преку цртежи ги изразуваа своите впечатоци и доживувања за есента. Преку спој на игра,учење и творење,библиотеката "Кочо Рацин" од Пехчево оствари соработка со ООУ " Дедо Иљо Малешевски" од Берово и придонесе кон развивање на читателските навики и љубовта кон знаењето уште од најрана возраст.

Денеска во просториите на библиотеката се одржа креативно- едукативна активност со учениците од V одделение под менторство на наставничката Павлинка Цикарска, реализирана во соработка со Шејна - волонтерка во општина Пехчево. Целта на активноста беше поттикнување на љубопитноста,развој на читачките навики и охрабрување на користење на англискиот јазик. Шејна за учениците подготви краток и забавен расказ на англиски јазик " Господин Гранит е од друга планета". Учениците читаа делови од расказот и одговараа на прашања поврзани со содржината. Потоа следуваше игра " Детективи од вселената" во која децата се обидоа да откријат дали мистериозниот господин Гранит навистина потекнува од друга планета.

Во соработка со ООУ" Ванчо Китанов"  се одржа промоција на сликовницата " Мисијата на Спајк"- дело на младиот автор Христиан Јовановски,петнаесетгодишно момче од Скопје. Сликовницата ја раскажува возбудливата приказна за кучето Спајк,кое зборува и ја споделува својата тајна мисија- улогата на шпион и кучето трагач што ноќе ја чува и истражува околината додека сите спијат. Промотор на делото беше македонската поетеса и писателка Елеонора Николовска од Скопје,која на интерактивен и забавен начин ги вклучи учениците од трето одделение под менторство на наставничката Евица Хаџи-Иванова Постолова со разговор за приказната, храброста и љубовта кон животните.

Во организација на ОУМБ"Кочо Рацин"  се одржа настан посветен на Денот на мажите на кој присуствуваа личности од различни професионални профили.
Настанот започна со предавање од страна на докторка Лилјана и докторка Нада за здравствените предизвици кај мажите, меѓу кои проблемите со простата, рак на тестисите и други важни теми за машкото здравје.
Директорката на библиотеката одржа интервју со учесниците, разговарајќи за значењето на Денот на мажите и ја објасни важноста на Мовембер – кампања за подигнување свест за машкото здравје.
За дополнителна интеракција, учесниците се вклучија во квиз на тема „Познати мажи низ историјата“, а на крајот секој доби сертификат за учество и симболичен подарок – срце.
Настанот ја истакна важноста на здравјето, едукацијата и заедништвото, обединувајќи различни генерации и професии во една значајна иницијатива.

**Декември –** Библиотеката „Кочо Рацин“ во соработка со училишната библиотека распишаа литературен конкурс на тема „Новогодишна магија во зборови“по повод Нова година за учениците од VI до IX одд.
По повод 3 Декември- Меѓународниот ден на децата со попреченост во библиотеката се одржа работилница за емпатија и прифаќање под мотото „Различни, а исти“со учениците од VI одделение под менторство на наставничката Магдалена Симовска.

По повод 3 Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост, во библиотеката „Кочо Рацин“ се одржа настан со учениците од VI одделение под менторство на наставничката по француски јазик Магдалена Симовска.
Учениците учествуваа во активности подготвени од директорката Костадинова кои симулираа различни предизвици со кои се соочуваат лицата со попреченост: цртаа со несоодветната рака, ги изразуваа своите имиња преку мимики и гестови без зборови, а се движеа низ библиотеката со затворени очи.
Целта на овие активности беше да се поттикне разбирање и емпатија, како и свеста за важноста на инклузијата.
На крајот, секој ученик напиша позитивна порака за инклузија на срце, која беше споделена како симбол на пријателство, поддршка и почит кон различностите.

До крајот на месец Декември предвидени се уште две работилница со учениците од подрачното училиште во с. Црник  за изработка на новогодишни украси и еден настан на тема: „Чествувањето на македонските великани Шопов и Рацин“ по повод датумот на нивното раѓање.

ОУ МБ Кочо Рацин
ВД Директор
Габриела Костадинова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/8 | Општина Пехчево
23.12.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2026 година.

**Член 2**

Програмата за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин„ - Пехчево за 2026 година бр. 0302-69/2 од 04.12.2025 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1443/1 | Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. | Претседател
Пехчево | Миле Гошевски с.р.

---

**Програма за работа на ОУМБ „Кочо Рацин“ за 2026 година**

Програмата за работа на Општинска установа – Матична библиотека „Кочо Рацин“- Пехчево е законска обврска согласно член 12 став 3 и 4 од Законот за библиотеки (Сл.весник 66/2024, 89/2008, 116/2010, 51/201, член 15 од Статутот на ОУМБ„Кочо Рацин“ и со претходна Одлука на Управен одбор на ОУМБ„Кочо Рацин“ со архивски број 0302-70/1 од 10.12.2025 година ОУМБ„Кочо Рацин“ до Совет на Општина Пехчево ја доставува програмата за работа за 2026 година.

## ВОВЕД

Градската библиотека во Пехчево го носи името според познатиот македонски поет и револуционер Кочо Рацин. Се наоѓа во центарот на градот и опфаќа површина од 100м2.

Во книгата „Из разних крајева“ од Сима Матавуљ постои податок дека во Пехчево се ширела културата преку библиотечната дејност многу одамна, за што говори фактот во споменатата книга каде што е прикажан штембил на кој пишува **„Читаоница пехчевска матица – 20 Април 1924 година“.** Тоа е непобитен факт дека уште од пред **101** години во Пехчево постоела читална во која што зрачела искрата на образованието и културата. Во книгата „Приповетке“ издадена во Белград 1926 година постои штембил на кој пишува „Читаоница пехчевска матица – 30 Октомври 1929 година. Според пописот од 1930 – 1931 година во Вардарска Македонија народни библиотеки и читални се наоѓале во неколку околии и општини, а во Малешевската околија народна библиотека и читална имало само во Пехчевската општина – податок изваден од книгата „Библиотекарството во Вардарска Македонија меѓу двете светски војни“ од Михајло Ѓеоргиевски.

Во поновата историја односно во 1966 година во Окружниот стопански суд во Штип е донесено решение за регистрирање на Матична библиотека „Кочо Рацин“ со седиште во Пехчево.

Библиотеката како институција од областа на културата успешно делува на полето на популаризација на книгата и на нејзините литературни и општо образовни цели. Во овој изминат период оваа институција преставува респектабилно културно седиште низ кое што многу генерации од различни возрасти се воодушевувале од магичноста на пишуваниот збор и ги правеле првите чекори во своето општо образовно надградување и едукација.

### ВИЗИЈА

Библиотеката ја гледам како информациски и вредносен капитал кој ќе му служи на знаењето, мудроста, уметноста, образованието, читањето и пишувањето. Центар со најпогодно опкружување и подршка за креативност, истражувачка работа, учење и забава кој ќе им служи на сите граѓани од Општина Пехчево.

### МИСИЈА

Да се приближат информациите, знаењето и културата на жителите од општината, да се одговори на потребите и побарувањата на корисниците со избрани, стручно засновани и мрежни услуги преку кои се поттикнува читањето, придонесува за непристрасно информирање на граѓаните, образованието и културниот живот.
Мисијата на библиотеката во периодот на 2026 година ќе се остварува преку следните стратешки цели:

1) Избор, набавка и организирање на пристап до оригиналните записи на човековата мисла.
2) Стручна обработка на библиотечниот фонд.
3) Подигање на нивото на писменост, како и стручниот и креативен развој на корисниците на библиотечните услуги, како и на самите библиотекари.
4) Обезбедување на лесно достапен и пријатен простор за разновидни кориснички услуги.
5) Употреба на иновативна технологија која овозможува висок степен на продуктивност во работењето.
6) Поттикнување и користење на мрежните извори.
7) Поттикнување на стручна комуникација и соработка со партнерските библиотеки и други образовни институции во регионот и пошироко.
8) Голем број разновидни активности од типот на промоции, литературни читања, конкурси, работилници со дечињата од предшколска возраст и од основното училиште и сл.

**Во м. Јануари** библиотеката„Кочо Рацин“ во соработка со Организацијата на жени на Пехчево ќе ја организира традиционалната „Кулинарско-поетска вечер“ со богата културна програма и голем број разновидни кулинарски специјалитети подготвени од вештите домаќинки – членови на библиотеката. Во м. Јануари е предвидено да се организира Саем на книга од издавачката куќа „Сакам книги“.

**Во м. Февруари** се предвидува оригами работилница со учениците од основното училиште по повод „Св. Трифун“ и „Св. Валентин“. Се планира и одбележување на 21 Февруари – Светскиот ден на мајчиниот јазик со учениците од VIII одд.

**Во м. Март** ќе се наградуваат читателките кои прочитале најмногу книги во м. Февруари, а по повод 8 Март. По повод 19 Март – Светски ден на ластовичките ќе се организира ликовна работилница со учениците од шесто до деветто одделение. По повод 21 Март – Светскиот ден на поезијата ќе се организира промовирање на кампањата „Плати кафе со поезија“ во кафе бар Ким со љубителите на поезијата.

**Во м. Април** ќе се организира креативна работилница (изработка на маски) со учениците од трето или четврто одделение по повод Денот на шегата. По повод 2 Април –
Светскиот ден на детската литература ОУМБ„Кочо Рацин“ ќе организира литературен конкурс на тема „Другарувањето со книгата ни е песна“ со учениците од ООУ„Ванчо Китанов“.
По повод 8 Април – Светскиот ден на Ромите се планира посета на подрачните училиште и градинка и подарување на книги од страна на директорката на библиотеката. На 22 Април по повод Денот на планетата земја се предвидува ликовна работилница со учениците од основното образование. По повод 23 Април – Светскиот ден на книгата и авторското право ќе се организира настан „Наградување на читатели рекордери“. Во Април се предвидува учество на фестивалот „Пролет, љубов, смеа“ во Свети Николе со ученици од основното и средното образование.

**Во м. Мај** ќе се одбележи 4 Април- Светскиот ден на пожарникарите со средба на пожарникарите од Доброволното пожарникарско друштво од Пехчево. Се предвидува и учество на фестивалот „Мајски цвет“ во Кочани со двајца ученици од основното училиште.

**Во м. Јуни** ќе се организира креативна работилница под мотото „Ајде заедно да откриваме нови друштвени игри“ со учениците од второ и трето одделение, а по повод 1 Јуни – Светскиот ден на детето. Се предвидува турнир во шах со учениците од петто и шесто одделение.

**Во м. Јули** ќе се организира натпревар помеѓу ученици од машки и женски пол во брзо јадење на чоколада, а по повод 7 Јули – Светски ден на чоколада.

**Во м. Август** не се предвидени активности поради користење на годишни одмори.

**Во м. Септември** ќе се организира рецитал со ученици од основното училиште по повод 7 Септември – ослободувањето на нашиот град.

**Во м. Октоври** се планира посета во ОЈУДГ„7 Септември“ со децата од големата група по повод „Недела на детето“, ќе се
разговара за нивните права и ќе се цртаат цртежи на таа тема. Од 15 Октомври започнува и Месец на книгата и по тој повод ОУМБ„Кочо Рацин“ ќе организира низа активности, како што се креативни работилници, поетски читања и сл и со основците и со средношколците.

**Во м. Ноември** ќе се организира едукативен час во просториите на библиотеката на тема: „Љубезноста и толеранцијата меѓу учениците“ со учениците од шесто одделение, а по повод Светскиот ден на љубезноста и толеранцијата.

**Во м. Декември** ќе се реализираат повеќе настани како што се: 3 Декември – Светскиот ден на децата со попреченост, чествување на поезијата на Шопов и Рацин, како и креативни работилници по повод Нова Година.

Преку целата 2026 година ќе се врши редовно зачленување на читателите. Членскиот влог ќе изнесува 200,00 денари на годишно ниво и 300,00 денари семејна членарина.

**Напомена:** Не секогаш програмата се реализира во целост. Може во текот на годината да дојде и до промена на истата во зависност од тоа колку значајни датуми се заборавени да се вметнат во програмата за годината што следува.

ОУ МБ Кочо Рацин
ВД Директор
Габриела Костадинова с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/9<br>23.12.2025 год.<br>Пехчево

Општина Пехчево<br>Градоначалник<br>Александар Китански с.р

Врз основа на 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/02) и член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр.03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2026 година**

Член 1

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2026 година.

Член 2

Програмата за работа на Доброволно противпожарно друштво Пехчево за 2025 година бр. 03-44/1 од 03.12.2025 година, е составен дел на оваа Одлука.

Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1443/1<br>23.12.2025 год.<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Миле Гошевски с.р.

Здружение Доброволно противпожарно друштво
БР. 03-44/1
03.12 2025 год.
Пехчево

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

| Примено: 04. 12. 2025. | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 1332/1 | 1 | 1 |

ДОБРОВОЛНО ПРОТИВПОЖАРНО ДРУШТВО

ПЕХЧЕВО

# П Р О Г Р А М А

**За работа на Доброволното противпожарно друштво ПЕХЧЕВО**

**Изработено за Потребите на:**

**-Градоначалник на Општина Пехчево**

**-Совет на Општина Пехчево**

**За 2026 година**

## ПЕХЧЕВО, ДЕКЕМВРИ 2025

Врз основа на Член 21 став 3 и Член 51 алинеи 2, 3 и 4 од Законот за пожарникарство (Сл.весник 168 од 21.11.2017 година), во насока за непречено спроведување на предвидените проектните активности, Управниот одбор на Доброволното противпожарно друштво Пехчево на ден 04.12.2025 година ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## За работа на ДПД Пехчево за 2026 година

**Основни цели и задачи на ДПД Пехчево се :**

- Да ја следи и анализира положбата во Доброволното против-пожарникарство и да превзема мерки и унапредување и заштита од пожари во општина Пехчево и РСМ
- Организира трениг сесии и стручни обуки за веќе постоечките членови како и основни обуки за новите членови
- Организира и спроведува работилници за превенција и заштита од пожари и други останати елементарни непогоди со учениците од средните училишта и да ја подигне свеста кај истите за волонтирањето
- Да укаже на потребата и функционирањето на една ваква организицаја на целокупната јавност како општествено одговорна организација
- Го анализира и следи спроведувањето на мерките за заштита од пожари и покренува иницијатива за нивно дополнување и измена;
- Покренува активности на своите членови за спроведување на превентивни и други мерки заради остварување на задачите за заштита од пожари и унапредување на противпожарникарството во целина;

2

- Работи за вклучување на што поголем број на граѓани, а посебно младинци во работата на Друштвото
- Развива и покренува активности за заштита од пожари
- Организира советувања, семинари, противпожарни натпревари и други стручни и информативно пропаганди акции од значење за против-пожарството и за ширење на противпожарна култура меѓу граѓаните во Општината
- Во основното и во подрачните училишта како и во предшколските установи врши едукативно-превентивна дејност
- Соработува со локалните власти,претпријатија ,средства за јавно информирање, здруженија и други организации во унапредување на противпожарникарството во заштита од пожари
- Врши и други работи од интерес за своите членови и за развој и афирмација на противпожарникарството и заштита од пожари
- Организира трениг сесии и стручни обуки за веќе постоечките членови како и основни обуки за новите членови

- Општа цел на Годишната програма на ДПД Пехчево е придонес кон унапредување на организацијата со нови практики за тренинг сесии на противпожарните одделенија и подигната јавна свест, преку перманентна едукативна кампања пред образовниот систем и бизнис заедницата, и со редовно настапување преку локалните и националните пишани и електронски медиуми, со што многу кратно ќе се допринесе кон посовесно и поодговорно однесување на целокупното население со опасностите од пожарите, сите останати елементарни непогоди, сообраќајни несреќи. Истата ќе допринесе и во воспоставување на координирана соработка помеѓу релевантните локални, државни чинители и бизнис заедницата за унапредување на работата на ДПД Пехчево на полето на безбедност на целокупната популација и природата. Како фундамент на Програмата е и набавката на противпожарни возила и тоа: навално и возило за технички интервенции, како и разновидна противпожарна опрема (ПП пумпи, агрегат, моторни пили, моторни дувалки, напретњачи, компресор за воздух, набавка на рачен и батериски алат), со што ќе се задоволат првичните потреби од опремување на нашето друштво, за поуспешно настапување на нашите противпожарни единици, при настанување на било кој вид на интервенција. Истотака, потребна е набавка на соодветна противпожарна лично-заштитна опрема (ПП туники, ПП панталони, фул фејс маски, филтри, чизми, кондури и сл.), со која ќе се

зголеми личната безбедност на нашето членство при настап на интервенции.

- Генерално очекувано влијание од реализацијата од Годишната програма е подобрена финасиска одржливост на ДПД Пехчево, во насока на реализацијата на сите статутарни и програмски активности предвидени за календарската 2026 година. Придонес кон општествена промена во локалната заедница, вклучувајќи подобра соработка со релевантните локални, државни чинители, образовниот сектор, бизнис заедницата и граѓанскиот сектор во насока на задоволување на очекувањата на грѓаните кои директно се засегнати од опасностите кои ги носат пожарите, останатите елементарни непогоди, сообраќајните несреќи, како и подобрување и унапредување на видливоста и препознатливоста на организацијата, преку зголемување на капацитетите на нашите членови.

- Краен бенефит од сите активности и продукти кои ќе произлезат од Програмата е целокупната локална заедница, односно луѓето и институциите кои ја сочинуваат.

- Предвидените финансиски средства за реализација на Годишната програма за 2026 година на ДПД Пехчево се прикажани и опишани по ставки и апсолутни броеви во табела.

**Табела: Буџет на ДПД Пехчево за 2025 година**

| **Административни трошоци** | **Време** | **Број** | **Износ** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| Канцелариски материјали | Годин а | 1 | 4000 | **4000** |
| Банкарски провизии | Месец | 12 | 500 | **6000** |
| Средства за одржување на хигиена | Месец | 12 | / | / |
| Сметководител | Месец | 12 | / | / |
| **Вкупно администартивни трошоци** | | | | **10000** |
| **Директни трошоци за реализирање на проектот** | | | | |
| Набавка на навално ПП – возило | број | / | / | / |
| Одржување на пмв комбе Мерцедес вито | година | 1 | 20000 | **20000** |
| Гориво за пмв Мерцедес вито | година | 1 | 20000 | **20000** |
| Регистрација за комбе Мерцедес вито | броја | 1 | 20000 | **20000** |
| Набавка на комуникациаска опрема (токи-воки) | броја | 10 | 3000 | **30000** |
| Регистрација на пп Камион Дениз | броја | 1 | 20000 | **20000** |
| Одржување на пп камион Дениз | броја | 1 | 30000 | **30000** |
| Гориво за пп камион Дениз | броја | 1 | 20000 | **20000** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Филтри за фул фејс маска | сет | / | / | / |
| Регистрација на теренско возило Исузу д макс | броја | 1 | 20000 | **20000** |
| Гориво за Исузу дмакс | сет | 1 | 40000 | **40000** |
| Одржување на теренско возило Дмакс | броја | 1 | 40000 | **40000** |
| Набавка на ПП Црево Ф52б | броја | / | / | / |
| Набавка на ПП Црево Ф75 | Броја | / | / | / |
| Набавка на про рачен алат (Лопата, Копач , Метлици и Гребла) | броја | 20 | / | / |
| Набавка на батериски рачен алат (штрефалица, светилки) | броја | / | / | / |
| Трошоци за печатење (флаери, брошури и плакати) | | 1 | / | / |
| **Настани и обуки** | броја | | | |
| Работилница "Превенција на шумски пожари" | броја | 1 | / | / |
| Обуки од сертифицирани инструктори и пожарникари | | / | / | **30000** |
| **Вкупно директни трошоци за реализирање на проектот** | | | | **300.000.00** |
| | | | | |

ДПД Пехчево, планира да обезбеди средства во висина од 300.000,00МКД, преку спонзорства и донации од страна на бизнис заедницата и индивидуални и меѓународни донатори.

ДПД Пехчево во изминатата 2025 година преку донации собра над 27.000 евра со кои се купи теренско возило и модул за истото а исто така и донација во опрема и дрегер апарати од Америка во вредност од над 10.000 евра.

Со прифаќање на Годишната програма за работа на ДПД Пехчево за 2026 година за буџетирање на активностите, истата ќе се реализираат според утврден план и динамика.

Доколку се одобрени средства во помал обем, ДПД – Пехчево ќе изврши ревидирање на утврдените потреби и динамика на реализирање на програмата.

За добиени финансиските средства од буџетот на општина Пехчево, Друштвото ќе достави наративен и финансиски извештај до советот на општина Пехчево.

Пехчево

04.12.2025

Здружение Доброволно противпожарно друштво Пехчево

М.П.

Претседател на ДПД

Дејан Вазлиски

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/10
23.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.05/02) член 30 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Пехчево (Службен гласник број 3/21), Советот на Општина Пехчево донесе:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА**

Содржина:


1.ВОВЕД
2.МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА
3.ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ
-Општо целни групи и крајни корисници

4.ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА
-Основни цели/приоритети
-Специфични цели/приоритети
-Одговорни сектори и одделенија
-Поврзаност со други области и сектори

5.ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА
1.Проекти
-Доделување на парична помош за новороденче
-Сервис за стри лица
-Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање на деформитети
-Право на финансирчка помош и подршка на жители на општина Пехчево
-Инкулзија за деца Роми во јавните образовни установи детски градинки во Општина Пехчево
-Одбележување на светски ден на здравата храна –16 Октомври
-Обезбедување на здравствена заштита на децата во пред школска и школска возраст
-Офтолмолошки преглед за деца во детската градинка и децата основното училиште од 1,2,3, одделение
-Дејствувај за подобро орално здравје
-Лабораториски анализи: Кој ,Зошто и Што значат резултатите
-Едукативна активност за прва помош во детските градинки и основните и средни училишта
-Едукација за здравствена заштита
-Булингот не е другарство
-Социјални мрежи,сериозна закана
- Финансиска поддрша на сите првооделенци во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и парични награди за сите ученици од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево кои добиле прво, второ и третто место на државни натпревари во учебната 2025/2026 година

6.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА
7. ФИНАНСИРАЊЕ

**1.ВОВЕД**

*Законски рамки според кои се подготвува Програмата:*

- Закон за локалната самоуправа;
- Закон за социјална заштита и здравствена заштита;
- Статутот на Општина Пехчево;

*Стратегиски документи:*

- Национална програма за развој на здравствената и социјална заштита

*Начела врз кои се заснова здравствената и социјалната заштита се:*

1. Здравствена ,социјална праведност и солидарност за секој поединец;
2. Давање посебна заштита на немоќни лица и лица со посебни потреби, за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа;
4. Давање посебна здравствена и социјална заштита на деца со посебни потреби;
5. Давање на посебна нега и заштита на стари и изнемоштени лица.

Со имплементацијата на законите од областа на здравствената и социјалната заштита што важат во Република Северна Македонија, Општина Пехчево изготви План и Програма, со која ќе се овозможи обезбедување социјална заштита за своите граѓани, преку поблиска комуникација, а со тоа ќе се реализираат сите побарувања, преку најразновидни форми и облици на социјални активности, според потребите на граѓаните што живеат во нашата Општина.

Со оваа Програма ќе се унапреди системот на здравствена и социјална заштита на локално ниво, а доколку има недостатоци истата ќе биде надополнета во интерес на граѓаните.

**2.МЕТОДОЛОГИЈА И НАЧИН НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА**

Проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација на здравствени работници од Јавната Здравствена Установа „ Д-р Иван Георгиев“ во општина Пехчево, вработени во Подрачното Министерство за труд и социјална политика , претставниците од Советот на Општина Пехчево, директори на ОЈУДГ „7 Септември“ - Пехчево и Општинското основно училиште „Ванчо Китанов“ – Пехчево, административни службеници од Одделението за општи, правни работи и јавни дејности и Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР. Резултатите и препораките од ова истажување се имплементирани во Програмата.

**3.ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ**

Целни групи опфатени со Програмата за здравствена и социјална заштита на Општина Пехчево за 2026 година:

-лица со инвалидност и попреченост;
-деца/млади без родители и родителска грижа;
-деца/млади со воспитно-социјални проблеми;
-деца/млади од еднородителски семејства;
-лица изложени на социјлен ризик;
-лица што употребуваат дроги, други психотропни супстанции и алкохол;
-лица жртви на каква било форма на насилство и трговија со луѓе;
-невработени лица, лица од различни етнички заедници;
-самохрани родители;
-стари и изнемоштени лица;
-трговија со луге ( најчеста застапена во проституцијата без оглед на полот );

Проблемите кои настануваат кај горенаведените групи на граѓани кои се како целни групи на оваа Програма, а воедно и крајни корисници можат да се решат и искоординираат преку:

-вонинституционални и институционални облици на социјална заштита;

-збринување на стари ,осамени и изнемоштени лица во домови за стари лица;

-подигнување на свеста на населението преку едукација;

-и потребите за обезбедување на здравствена и социјална заштита на деца;

## 4.ОСНОВНА ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Основни начела и принципи во системот на здравствена и социјална заштита и врз кои се заснова социјалната и здравствената праведност и солидарност, е да бидат подеднакви за секој еден поединец со ставање на акцент на:

- посебна заштита на немоќни и лица со посебни потреби, за работа;
- посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа;
- деца со посебни потреби;
- стари и изнемоштени лица;
- носители на социјална заштита на Република Северна Македонија, Општина Пехчево и сите институции кои се инволвирани во целата проблематика.

Во развојот и унапредувањето на мрежата на социјални и здравствени услуги во процесот на деинституционализација и реализирање на програмите за социјална и здравствена заштита, неопходно од страна на општината е:

- да ја развива и да ја јакне соработката меѓу владините и невладините институции, што вршат работи во областа на социјалната и здравствената заштита;

- да донесува развојни програми од областа на социјалната и здравствената заштита;
- да развива сервисни услуги и форми на вонинституционална заштита, центри за дневно и повремено прифаќање на мали групни домови, развивање мрежа за згрижувачки семејства и многу други активности;
- основање јавни установи за социјална и здравствена заштита;
- развивање вонинституционални форми за социјална заштита;
- развивање социјални и здравствени програми во соработка со другите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и со невладините организации;

Општина Пехчево се стреми да ја развива и унапредува здравствената и социјалната заштита, при што на своите граѓани ќе им помогне во обезбедување на здравствена, социјална помош и услуга кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата здравствена и социјална сигурност.

Вредноста на оваа програма се темели врз принципите на здравствена и социјална заштита на населението и заштита на деца преку:

- давање услуги, што во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците при што се почитуваат законите на здравствена и социјална заштита и законите за човековите права и достоинство;

- обезбедување услови и услуги за да може граѓаните приоритетно да ги задоволуваат своите потреби во средината во која живеат, на локално ниво;

Здравствената и социјалната заштита како дејност од јавен интерес се од големо значење за граѓаните на Република Северна Македонија, бидејќи со неа се формира системот на политички мерки и активности со кои треба да се спречат и надминат речиси сите социјални ризици на кои се изложени граѓанините. Темел на социјалната заштита и здравствената заштита е навремена ,ефективна и транспарентна здравствена и социјална заштита со квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на граѓаните на општина Пехчево.

Целта на програмата е реализација на активности за заштита на децата, правото на секое дете да се вклучи во институционален облик на воспитно-образовната работа, притоа задоволувајќи ги нивните развојни потреби, потребите на семејството и општеството во целина.

Реализирањето на Програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјалната, здравствената и детската заштита, одредени во Програмата.

*Специфични цели/приоритети*

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и во донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување нови видови социјални и здравствени услуги во согласност со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување;
- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита;
- Посета на сите деца од предучилишна возраст во јавна установа во најблиската околина;
- Развивање свест за општествена одговорност кај децата преку здобиени основни знаења, вештини и навики активно вклучувајќи ги во општествениот живот, развивање смисла на естетските вредности, градење правилен однос кон животната средина;
- Да се стремиме за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, преку стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали;
- Развивање на капацитетите на децата преку детско воспитание и образование, пред сè, раководејќи се според принципите на Програмата за рано учење и развој;
- Подготовка на детето со цел да му се овозмози самостојно да го искаже своето мислење околу неговите културни ,еколошки,креативни способности кои мисли дека ги поседува, а сепак да се испочитува и мислењето на стручните кадри кои можат да му укажат каде може да се пронајде во изборот на неговото образование;
- Почитување и вреднување на трудот на стручните тимови што работат на унапредување на квалитетот, како на згрижувачката, така и на воспитно-образовната работа со децата;

*Одговорни сектори и одделенија*

- Одделение за општи, правни работи и јавни дејности;
- Одделение за Локален економски развој;
- Одделение за финансиски прашања;

## 5.ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

*Проекти:*

1. **Доделување на парична помош за новороденче и првородено дете во календарската година – средства предвидени во буџетот на Општина Пехчево за 2026 година;**

**Опис на активноста:** Во рамките на своите активности Општина Пехчево оваа година овозможи реализација на остварувањето на правото за користење парична помош за новороденче и првородено дете во календарската година. Паричната помош изнесува 5.000 денари за новородено дете и 6.000 денари за првородено дете во календарската година.

Барањето за користење на оваа помош и потребната документација се поднесуваат во архивата на Општина Пехчево.

Право на доделување парична помош се остварува за секое новороденче и за секое првородно дете во календарската година.

Со ова продолжува позитивниот тренд, секое семејство што ќе добие принова и го исполнува критериумот да се жители на Општина Пехчево, да добие парична помош за новороденче. Со оваа активност Општина Пехчево покажува дека се грижи за најмладите жители и им дава првична поддршка на родителите. На овој начин не само што се помагаат семејствата со принова, туку Општината добива и евиденција за новородените деца на нејзина територија на годишно ниво. Со оглед на фактот дека оваа активност се реализираше и во претходните неколку години, може да се утврди и дали постои тренд на пораст или на намалување на бројот на новородени деца во локалната самоуправа. Исто така, увидот во бројот на новородени деца на годишно ниво е од голема придобивка и за детските градинки на територијата на Општината бидејќи на тој начин и тие може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Целни групи:** Родителите и нивните новородени деца;

**Време на реализација:** Континуирано во текот на 2026 година;

**Реализација:** Одделение за финансиски прашања и Одделението за општи, правни работи и јавни дејности;

**Очекувани резултати:**

- исплатена парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството;
- евиденција на новородени деца во Општина Пехчево на годишно ниво;
- детските градинки што се на територија на Општина Пехчево ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година;

**Буџет: 200.000,00 денари**

## 2. Помош и нега на стари и изнемоштени лица

**Опис на активноста:** Според статистиката дека во Општина Пехчево поголем број од населението се граѓани на возраст над 60 години, разбирлива е и потребата на Општината да реализира активности што конкретно ќе се од корист на оваа популација на граѓани.

Во согласност со активностите предвидени во Националната стратегијата за стари лица, потребно е да се обезбеди континуирана грижа за стари лица во следниве сегменти:

- Дневно одржување на лична хигиена и хигиена на домот во кој живат старите лица;
- Чистење на просторот каде живее лицето, миење на прибор за јадење , хигиена на постелнината за спиење , хранење на болниот доклку тоа е потребно и снабдување на потребните лекови кои негуваните лица ги користат;
- Дневно опслужување на основните потреби на овие граѓани;
- Аплицирање на лекови преку уста, капки, креми, облози, гелови;
- Обезбедување примарна медицинска помош и медицински совети, декубити, мерење на гликемија, мерење на виталните знаци ( плус , крвен притисок и дишење );
- Едукативни предавања кои ќе им бидат од корист на старите и изнемоштени лица и лица со хронични болести од типот на: дијабет, покачен крвен притисок, тромбоза, хоб, срцева слабост;

Многубројните теренски истражувања покажаа дека има огромна потреба од реализирање на оваа активност, а во согласност со тоа и побарувачка за негуватели за стари лица во домашни услови од семејствата во Општина Пехчево, земајќи ги во предвит и околните села. Главни предизвици со кои секојдневно се соочуваат старите лица се: неможност да ги извршат секојдневните активности поради старост, неподвижност и болест, влошена здравствена состојба и немање асистенција при посета на лекар, немање помош и поддршка при снабдување на основните прехранбени производи, немање средства за ангажирање негувател во домашни услови и сл.

Имајќи ги предвид сите овие информации и ситуацијата во која се наоѓаат старите лица, Општина Пехчево им нуди помош и поддршка на најзагрозените лица со предвиден проект „Грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови“, финансиран преку Министерството за труд и

социјална политика и  Општина Пехчево, за  да се опфатат стари лица/корисници на кои тоа навистина им е потребно (станува збор за променлива бројка заради специфичноста на категоријата корисници) што би ги добивале следниве услуги:

- помош во извршувањето на секојдневните активности (купување, подготовка на храна, одржување на просторот, лична хигиена, кај изнемоштените стари лица ќе се врши и утринска и делумна тоалета);
- обезбедување основна помош во мобилност, лесни масажи, физички вежби, раздвижување
- задачи од медицински аспект (носење на здравствени прегледи, контрола на крвниот притисок, набавка на лекови и водење грижа за навремено земање на терапијата);
- психосоцијална поддршка (помош во исполнувањето на социјални, културни, забавни и други потреби, одржување социјални контакти и соодветни активности во локалната заедница);

Со проектот се планира ангажирање на следниов персонал:  обучени негователи со сертификати и физиотерапевт. Во тимот ќе биде вклучен и социјален работник што ќе води евиденција за досиејата на сите корисници и ќе биде задолжен за подготвување индивидуален план за работа на негувателите.

Работното време на негователите ќе биде организирано од понеделник до сабота само во прва смена и најдоцна до 16 часот. Предвидено е секој неговател во текот на денот да оствари посета на тројца корисници кај кои ќе биде по два часа. Секој корисник ќе биде посетен по трипати во неделата по два часа.

Во рамките на проектот предвидено е да биде вклучен и физиотерапевт што ќе остварува посети кај корисниците (во согласност со нивните потреби и состојбата во која се наоѓаат) два пати во неделата по еден час, во договор со корисникот. Физиотерапевт ќе добијат само оние корисници што имаат потреба од тоа, според лекарски наод и со потврда од социјалниот работник дека на терен има реална потреба за тоа. Дали корисникот ќе има потреба од неговател и физиоетрапевт во исто време, заклучокот ќе го донесе лекарот, во зависност од здравствената состојба на пациентот. Тоа може да се одлучи според приоритетните потреби

**Целни групи:**

- невработени лица што се здобиле со сертификат за неговател во домашни услови;
- стари лица што се опфатени со проектот и нивните семејства како крајни корисници;

**Очекувани резултати:** Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење;

**Време на реализација:** Континуирано во текот на цела година;

**Реализатор:** Одделение за финансиски прашања, Одделение за општи, правни работи и јавни дејности и Одделение за локален економски развој;

**Буџет: 340.000,00 денари**

**3. Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево**

**Опис на активноста:** Остварувањето на ова право на финансиска помош е регулирано со Правилникот за постапката за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево, со кој се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење финансиски средства што се наменети за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина  Пехчево, кои се предвидени во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, кои се нашле во акутен социјален ризик.

За утврдување на постапката и остварување на правото на финансиска помош и поддршка, надлежна е Комисијата за заштита на пациентите при Советот на Општината.

Право на користење на овие финансиски средства имаат физички лица што се жители на Општина Пехчево, кои припаѓаат на социјално загрозените групи, а ги исполнуваат следниве критериуми:

- за здравствен проблем лицето треба да достави доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето;
- за помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација што не е постара од шест (6) месеци;

- за помош на еднородителски семејства во социјален ризик треба да се достави (во зависност од ситуацијата): извод од Матична книга на родените, извод од Матична книга на умрените - за родител, доказ од Министерството за внатрешни работи дека родителот е исчезнат и/или доказ од Министерството за правда дека лицето издржува затворска казна подолго од шест (6) месеци;

и притоа да ги исполнува доленаведените услови:

- подносителот на барањето да има адреса на живеење во Општина Пехчево;
- подносителот на барањето може да го оствари правото на финансиска помош и поддршка само еднаш во текот на календарската година.

Распределбата на финансиските средства се одвива на квартално ниво, почитувајќи го принципот на солидарност, во зависност од расположливите средства во Буџетот за кварталниот период. Притоа, максималниот износ што може да го одобри Комисијата за заштита на пациентите (надлежна за разгледување на овие пристигнати барања), и Советот на Општина Пехчево, по одобрено барање, нема да биде повисок од 50% од вкупната вредност на направените трошоци во денари.

**Целни групи:**

- корисници на социјална парична помош што се со постојано живеалиште на територија на Општина Пехчево;
- жители на Општината со влошен социјален статус;
- жители на Општината што имаат влошена или загрозувачка здравствена состојба;

**Период на реализација:** Во текот на цела календарска година;

**Реализатор:** Комисијата за заштита на пациентите, Одделение за општи, правни работи и јавни дејности, Одделение за финансиски прашања;

**Буџет: 300.000,00 денари**

## 4. Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево

**Опис на активноста:** Станува збор за проект што се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика, детските градиники во нашиот случај ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и општините, односно Општина Пехчево, а се однесува на инклузија на деца Роми .

Целта на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата и намалување на запоставеноста на децата Роми со зголемување на нивниот број во јавните општински установи една година пред поаѓање во основно училиште.

Имајќи ја предвид важноста на процесот на интеграција на децата во образовниот систем и неговото влијание врз нивниот личен и социјален развој, Општина Пехчево ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за партиципација за престој на дечиња ( Роми ) во детската градинка;

Предвидено е овој проект да се спроведува во детската градинка ОЈУДГ „7 Септември“ - во Општина Пехчево и во 2025/2026 година со него ќе бидат опфатени 20 деца од ромска националност што се жители на Општината.

**Целна група:** Максимум 20 деца од Ромска националност што се жители на Општина Пехчево;

**Очекувани резултати:** Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование;

**Реализатор:** Министерството за труд и социјална политика, Општина Пехчево ( Одделението за општи, правни работи и јавни дејности и Одделението за финансиски прашања ), ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево;

**Период на реализација:** Во континуитет во текот на 2026 година;

**Буџет: 50.000,00 денари**

## 5. Одбележување на светскиот ден на здравата храна – 16 Октомври

**Опис на активноста:** Светскиот ден на храната е меѓународен ден за акција против гладот што на 16 октомври се одбележува секаде низ светот, при што се реализираат различни активности со кои се развива свеста за значењето на храната, како природен извор на енергија и здравје.

Ако се земе предвид придобивката од консумирањето здрава храна и од формирањето здрави навики уште од најмали нозе, цел на овој настан е информирање и стекнување знаења и формирање соодветно однесување во однос на здравите и правилните навики во исхраната, особено кај децата и кај младите, а со тоа индиректно и кај поширокaта популација.

Со разновидни креативни активности и работилници за предучилишна возраст, цела недела во октомври од страна на децата и вработните во детската градинка ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ќе се одбележува Светскиот ден на здравата храна, а на самиот ден ќе се презентираат реализираните креативните активности преку веб и фан-страницата на Општината. Исто така лице од здравствен дом Пехчево ќе одржи едукативни предавања за тоа што е здрава храна и колку е таа значајна за нашето здравје.

**Целни групи:** Децата од детската градинка „7 Септември“ – Пехчево;

**Очекувани резултати:** Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навки во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето; особено да се уочи придобивката од консумирањето здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво.

**Период на реализација:** Октомври 2026 година.

**Буџет**: **0,00 денари**

## 6. Обезбедување на здравствена заштита на децата во предшколска и школска возраст

**Основна цел на оваа активност** е одржувањето на постојана контрола на психичкиот, физичкиот и менталниот развој на децата од овие возрасти преку систематски прегледи од страна на стручни кадри од обласа на нивната специјалност и тоа :

- офтолмолошки преглед;
- ортопедски преглед;
- стоматолошки преглед;
- лабораториски преглед;

Пожелно е преку овие стручни кадри да се направи и една едукација на децата која ќе биде подготвена и прилагодлива за нивната возраст, а со тоа ќе се појасни која е вредноста на нивното здравје и на кој начин е потребно да се негува истото. Дополнителна едукацијата кај оваа група на деца од страна психолозите и педагози е многу значајна затоа што преку таквите едукации ќе може да се допре до психичкиот развој на децата се со цел да се заштитат истите од емоционална криза, психолошки стрес, психосоцијален стрес, животни трауми, фрустрации на конфликт, булинг, мобинг, дискриминација ( полова, расна, сексуална орјентација, социјална, религиозна и дискриминација според успехот) . Исто така од големо значење е посетата на децата од предшколска возраст од страна на логопед за навремено откривање на проблемите со говорот. Ангажирањето на дефектолог за децата со атипичен развој е исто така од големо значење за потребата од професионален пристап кон оваа група на деца, бидејки нивната професионалност има друг пристап за менаџирање на настава и контакт со овие деца.

**Целни групи:** Децата од предшколската и школската возраст ( градинка,основно и средно училиште во општина Пехчево ).

**Очекувани резултати**: Навремено откривање на било кој здравствен, психолошки и ментален проблем кај децата и навреме одпочнување со третман и лекување.

**Реализатор:** ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево, ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи, Општина Пехчево.

**Период на реализација:** Во континуитет

### *6.1. Офталмолошки преглед за деца во детска градинка и за децата од прво, второ и третто одделение*

Специјалистички офталмолошки преглед треба да се направи пред детето да тргне во училиште затоа што е особено важно навременото детектирање и коригирање на проблемите со видот бидејќи тоа може да му влијае врз физичкиот и интелектуалниот развој во учењето, во приспособувањето во училиште, како и во спортско-рекреативните активности. Специјалистичкиот очен преглед е особено важен за децата бидејќи за олеснето учење потребни се следниве вештини поврзани со видот:

- Добар вид на близина и далечина;
- Просторна координација;
- Способност правилно да се движат и да се фокусираат очите;
- Координација око - рака.

Особено е важно рано да се уочат проблемите со видот и други болести поврзани со окото кај децата, бидејќи навреме ќе се превенира и решава секој постоечки проблем, а со тоа ќе се овозможи полесно совладување и вклопување на секое дете во наставата.

**Целни групи:** Децата од детскта градинка ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево и децата од прво, второ и третто одделение од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево.

**Очекувани резултати:** Децата во ОЈУДГ „7 Сепември“ – Пехчево ќе бидат прегледани  во текот на престојот во градинката барем еднаш годишно. И пред да тргнат во училиште со што ќе добијат потврди за запишување во училиште, а овие прегледи ќе претставуваат и олеснување за родителите од финансиски аспект.

**Реализатор:** Одделение за општи,  правни работи и јавни дејности и ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев“ – Пехчево.

**Период на реализација:** Почетокот на учебната година и второто полугодие  од учебната година ( двапати годишно).

**Буџет: 60.000,00 денари**

***6.2 Дејствувај за подобри орално здравје***

Оралното здравје или „Здравата уста“ е од суштинско значење за да се задржи правилното функционирање на организмот и севкупното здравје и квалитет на животот.

Оралното здравје претставува здравје на оралните ткива и на ткивата што се поврзани со нив и овозможува лицето да ги извршува сите функции без никакви знаци на болест, непријатности или пречки. Со стоматолошката заштита се спречува настанување на орални заболувања или прогресија на веќе постојните заболувања на оралните ткива.

Основна цел на посветувањето на оралното здравје, е да се подигне свеста, како и да се поттикнат семејството и заедницата да преземат мерки за намалување на штетните последици што ги предизвикуваат оралните болести. Преку оваа активност децата ќе научат како правилно се четкаат забите, како се одржува оралната хигиена и колку е важно оралното здравје. Особено е важна грижата за оралното здравје во најрана возраст, кога се усвојуваат навиките. Оралните болести претставуваат проблем за децата и влијаат врз квалитетот на нивниот живот и целокупното здравје. Оралното здравје е многу повеќе од убава насмевка.

**Целни групи:** Децата од детската градинка  ОЈУДГ „7 Септември“во Општина Пехчево, учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево;

**Очекувани резултати:** Децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здравите и правилните навики.

**Реализатор:** Одделение за Локален економски развој, ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево и ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев“ – Пехчево.

**Период на реализација**: Во континуитет.

**Буџет: 0,00 денари**

***6.3 Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање деформитети***

Редовните прегледи уште од најрана возраст имаат големо значење за раното откривање на деформитет.

Популацијата од најмала возраст, па се до 18 години најчесто се соочува со деформитети на стапалото, колкот и рбетот. Годишно се прават околу 7.000 прегледи на деца, некаде од 500 до 800 неделно што е една прилично голема бројка која што укажува на превенцијата на детската возраст во периодот на нивниот развој. Од сите овие деформитети за околу 10% од нив најчесто се вршат оперативни зафати на Клиниката за ортопедија во клиничкиот центар за да тие деформитети се корегираат. Годишно во Клиниката за ортопедски болести, како што информира, се прават околу 160 операции кај мали деца.

**Целни групи:** Децата од детската градинка ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево и децата од ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево ( учениците од прво одделение).

**Очекуванин резултати:** Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата.

**Реализатор:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево и Општина Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет: 60.000,00 денари**

**6.4 Лабoратоиски анализи**

Кои, зошто и што значат резултатите?

Причини за барање на одредена лабораториска анализа:

1. Дијагноза;
2. Мониторирање (на пример следење на одредена терапија);
3. Скрининг;
4. Научно-истражување (за да ги разбереме патофизиолошките процеси на одредено заболување);

**Целна група:** Децата од ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчево;

**Очекувани резултати:** Навремено откривање односно дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има.

**Реализација:** ЈЗУ Здравствен дом „Иван Георгиев" – Пехчево.

**Период на реализација:** На почетокот на учебната година.

**Буџет: 0,00 денари**

7. **Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември" – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов" – Пехчевои**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово се со цел, наставниците, воспитувачките, негувателките, и другиот стручен кадар во детската градинка ,основното и дисперзираните паралелки на средното училиште да се здобие со знаења и вештини за соодветно и навремено постапување во ургентни ситуации, односно давање прва помош, пред сè, на децата. Обуката ќе даде осврт на предавањата и на практичните вежби на релевантни теми, на пример, реанимација, згрижување при задушување, повреди на главата, грчеви, алергиски реакции и труења.

Со овој проект ќе се зајакне капацитетот на градинката, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште, како една од првите алки во синџирот на ургентна медицина - да постапуваат адекватно во ургентни ситуации. Главна цел на активноста е учесникот да стекне знаења, вештини и компетенции за примена на основните техники при давање прва помош за да се зачува животот на повреденото лице преку отстранување на причината што може да доведе до смрт (престанок на дишењето, престанок на работата на срцето, крвавење, состојба на изгубена свест, состојба на шок, повреди на тврди и меки ткива, труење), да се спречат можни компликации, да се намалат болката и стравот и да се подобри општата состојба на повредениот, се додека истиот не биде прифатен до моментот на стручен медицински тим .

**Целни групи:** Вработените во детската градинка, основното и дисперзираните паралелки на средното училиште во Пехчево.

**Очекувани резултати:** Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки**,** интервенирање навреме и спасување живот.

**Реализатор:** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности, Одделение за , Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Континуирано.
**Буџет: 0,00 денари**

**8. Едукација за здравствена заштита**

Предвидено е оваа активност да се реализира во соработка со Црвен крст на Општина Берово, со цел децата да се здобијат со знаења во врска со здравствената заштита. Главна цел на овој проект е децата уште од најрана возраст да стекнат навики за важноста на личната хигиена, како да се заштитат за време на пандемија и друго. Целта е запознавање со здравствената заштита уште од најрана возраст, како и подигнување на свеста на семејствата и заедницата за важноста на здравствената заштита.

**Целни групи:** децата од детската градинки во Општина Пехчево.

**Очекувани резултати:** Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност на децата за здравствената заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејнсоти, Одделение за локален економски развој**,** Црвен крст на Општина Берово.

**Период на реализација:** Во континуитет.
**Буџет: 0,00 денари**

**9 „Булинг не е другарство“**

Булингот како негативно искуство треба и мора да се препознае во вистинско време, со цел да се преземат мерки и активности со кои би се заштитиле децата од натамошни непријатни искуства и доживувања што го попречуваат развојот на детето во стабилна и успешна личност.

Проектот „Булингот не е другарство“ се состои од неколку фази:

**Прва фаза:** Изработка на платформа за препознавање на булингот и поставување на протокол и мерки за спречување на оваа појава, изработка на прирачници наменети за учениците во основните училишта: „Како да го препознаам булингот“, „Како против булингот“.

**Втора фаза:** Претставување на прирачникот од психолози и педагози (преку часови што би се одржувале на платформата за далечинско учење);

**Трета фаза:** Преку ликовни или литературни творби на тема „Стоп Булинг“ децата да ги искажуваат своите ставови и мислења за спречување на булингот (фаза во која ќе учествуваат педагози и психолози);

**Четврта фаза:** Изработка на флаери и постери;

**Целни групи:** Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево,7,8,9 одделение.

**Очекувани резултати:** Намалување на врсничкото насилство (физичко или психичко);

**Реализатор :** Одделение за општи, правни работи и јавни дејности при Општина Пехчево, психологот, педагогот од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи

**Период на реализација:** Октомври-Јуни 2026 година
**Буџет: 5.000,00 денари**

**10.Закана од социјалните мрежи**

Целокупната ситуација во која се и ограничувањата при социјалната интеракција на младите, мора да ја согледаме опасноста што постои од прекумерна употреба на социјалните мрежи.. Преку зголемување на свесноста кај децата мора да работиме на заштитата од злоупотреба на личните податоци, личните фотографии и видеа.

Овој проект ќе биде раководен од педагогот и психологот во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево, а ќе се организираат и предавања од експерти за оваа област.

Првиот дел од проектот ќе биде насочен кон тоа како секој ученик да се заштити себеси, што смее и што не смее да се објавува на социјалните мрежи, препознавање на злоупотребата, а вториот дел од проектот ќе се насочи кон тоа како да се постапи при злоупотреба и кои мерки треба да се преземат.

**Целни групи:** Учениците од ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево

**Очекувани резултати:** Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и начини за нивна заштита.

**Реализатор:** Одделение за општи правни работи и јавни дејности, педагогот и психологот од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и социјален работник од ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи.

**Буџет: 5.000,00 денари**

**11. Подигање на свеста за имунизација кај новородените деца од април 2025 до април 2026 година**

Оваа активност се реализира веќе 10 години во соработка со НВО КХАМ Делчево, сега НВО Организација жена – Делчево. Заеднички се посетуваат семејствата на новородени деца, родени од април 2025 до април 2026 година заедно со патронажна сестра од Здравствениот дом „Д – р Иван Георгиев“ – Пехчево, при што се работи на подигање на свеста за позитивните ефекти од имунизацијата кај новородените деца.

**Целни групи:** Децата родени од април 2025 година до април 2026 година.

**Очекувани резултати:** Подигната јавната свест кај населението за позитивните ефекти од имунизацијата на децата.

**Реализатор:** Општина Пехчево – Одделението за локален економски развој и НВО КХАМ – Делчево ( сега Организација жена – Делчево ).

**Буџет: 20.000,00 денари**

**12. Финансиска поддрша на сите првооделенци во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и парични награди за сите ученици од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево кои добиле прво, второ и третто место на државни натпревари во учебната 2025/2026 година**

Оваа активност се реализира континуирано секоја година, при што се дава финансиска поддршка на сите ученици запишани во прво одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево на почетокот на учебната година и доделување на скромни подароци на први септември, а финансиски се наградуваат и учениците кои освоиле прво, второ и третто место на државните натпревари во тековната учебна година.

**Целни групи:** Учениците кои во септември 2026 година ќе се запишат во прво одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и учениците кои во тековната 2025/2026 година ќе освојат прво, второ и третто место на државни натпревари.

**Очекувани резултати:** Запишани поголем број на првачиња во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и намален трендот на иселување од Пехчево и подигната мотивацијата кај учениците, во што поголем број да учествуваат на државни натпревари по различни предмети.

**Реализатор:** Општина Пехчево

**Буџет: 150.000,00 денари**

**13. Одбележување на 1 Август – Светски ден на ракот на белите дробови**

Оваа активност во вид на едукативно предавање ќе биде реализирана од страна на стручни служби од ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево со логистичка поддршка од страна на Општина Пехчево.

**Целни групи:** Сите граѓани кои сакаат да научат нешто повеќе за болеста рак на белите дробови, како да ги препознаат смитомите и на кој начин да се реагира.

**Очекувани резултати:** Подигната свеста кај населението за ракот на белите дробови и превенција од оваа болест.

**14. Одбележување на 29 Септември – Светски ден на срцето**

Оваа активност ќе биде реализирана од страна на стручните служби во ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгев“ – Пехчево, во соработка и со логистичка поддршка од страна на Општина Пехчево.

**Целни групи:** Граѓани со срцеви заболувања и граѓани кои сакаат да научат повеќе за срцевите заболувања, како да препознаат срцево заболување.

**Очекувани резултати:** Зголемена свеста кај населението за заштита и превентива од срцеви заболувања.

**Реализатор:** ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево , а **партнер** Општина Пехчево.

**Буџет:** 0,00 денари

**15. Месец октомври – месец на подигање на свеста на ракот на дојката**

Оваа активност ќе биде реализирана од страна на стручните служби во ЈЗУ „Здравтвен дом Д -р Иван Георгиев“ – Пехчево, во соработка и логистичка помош и поддшка од страна на Општина Пехчево, како едукативно предавање.

**Целни групи:** Сите заинтересирани граѓани ( жени ) кои сакаат да добијат знаења плус за превенција и симтоми за ракот на дојката.

**Очекувани резултати:** Зголемена свеста кај населението за симтомите за ракот на дојката и превенција од истиот.

**16. Одбележување на 14 Ноември – Светски ден на дијабетисот**

Оваа активност ќе биде реализирана од страна на стручните служби во ЈЗУ „Здравтвен дом Д -р Иван Георгиев“ – Пехчево, во соработка и логистичка помош и поддшка од страна на Општина Пехчево, како едукативно предавање.

**Целни групи:** Заинтересираните дијабетичари на територијата на Општина Пехчево.

**Очекувани резултати:** Зголемена свеста кај дијабетичарите, и споделување на информација, во одредени ситуации како да делуваат со симтомите на својата болест.

**Буџет:** 5.000,00 денари

**17. Одбележување на 18 Ноември – Светски ден на хронична обструктивна белодробна болест**

Оваа активност ќе биде реализирана од страна на стручните служби во ЈЗУ „Здравтвен дом Д -р Иван Георгиев“ – Пехчево, во соработка и логистичка помош и поддшка од страна на Општина Пехчево, како едукативно предавање.

**Целни групи:** Сите заинтересирани граѓани кои сакаат да добијат знаења плус за превенција и симтоми за хронична обструктивна белодробна болест.

**Очекувани резултати:** Зголемена свеста кај населението за симтомите и превенција за хронична обструктина белодробна болест.

**18. Едукативни предавања за рак на гастоинтестинален тракт и рак на простата**

Ова едукативно предавање ќе биде реализирано од страна на стручните служби во ЈЗУ „Здравтвен дом Д -р Иван Георгиев“ – Пехчево, во соработка и логистичка помош и поддшка од страна на Општина Пехчево.

**Целни групи:** Сите заинтересирани граѓани.

**Очекувани резултати:** Зголемена свеста за симтомите и превенцијата од рак на гастоинтестинален тракт и рак на простата.

## 6.ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. Инклузија на сите деца во предучилишниот образовен процес;
2. Унапреден систем за социјална и здравствена заштита на локално ниво;
3. Инклузија на граѓаните од ранливите категории;
4. Услуги достапни за граѓаните од ранливите категории на локално ниво;
5. Еднакви можности за сите социјални категории;
6. Безбедна средина за учење и дружење;

## 7. ФИНАНСИРАЊЕ

| Реден број | Марки/Активности | Очекувани резултати | Надлежни институции | Временска рамка | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Доделување на парична помош за новороденче и прворордено дете во календарската година – седства предвидени во буџетот на Општина Пехчево за 2026 година | Исплатена парична помош за младите семејства што имаат нов член или членови во семејството;<br><br>Евиденција на новородени деца во Општина Пехчево на годишно ниво;<br><br>Детските градинки што се на територија на Општина Пехчево ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година; | Општина Пехчево | 2026 | 200.000,00 ден. | Општина Пехчево |
| 2. | Помош и нега на стари и изнемоштени лица | Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење; | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст<br><br>Министерство за труд и социјална политика<br><br>Агенција за вработување | 2026 | 340.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| 3. | Право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Пехчево и парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална | Подобри услови за квалитетен живот за жителите на Општина Пехчево | Општина Пехчево<br><br>Совет на Општина Пехчево | 2026 | 350.000,00 денари | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | превенција и заштита на одредени категории лица, каде што е предвидена помош | | Комисија за заштита на пациентите | | | |
| 4. | Инклузија на деца Роми во Јавните образовни установи – детски градинки во Општина Пехчево | Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование; | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика | 2026 | 50.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| 5. | Одбележување на светскиот ден на здравата храна – 16 Октомври | Децата од предучилишна возраст учат и се информираат што треба да се јаде, што е здрава храна, кои се правилните и здравите навки во исхраната и како таа влијае врз здравјето на луѓето; особено да се уочи придобивката од консумирањето здрава храна во период на вонредни здравствени услови на глобално ниво. | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево | Октомври 2026 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево |
| 6. | Обезбедување на здравствена заштита на децата во предшколска и школска возраст | Навремено откривање на било кој здравствен, психолошки и ментален проблем кај децата и навреме одпочнување со третман и лекување. | ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево,<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | Во континитет 2026 | / | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Општина Пехчево. | | | |
| 6.1 | Офталмолошки преглед за деца во детска градинка и за децата од прво, второ и третто одделение | Децата во ОЈУДГ „7 Сепември“ – Пехчево ќе бидат прегледани во текот на престојот во градинката барем еднаш годишно. И пред да тргнат во училиште со што ќе добијат потврди за запишување во училиште, а овие прегледи ќе претставуваат и олеснување за родителите од финансиски аспект | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | Почетокот на учебната година и второто полугодие од учебната година (двапати годишно). | 60.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.2 | Дејствувај за подобри орално здравје | Децата ќе научат што значи хигиена на оралното здравје, како правилно се четкаат забите, колку здравата храна придонесува за здрави заби и др. Тоа придонесува за зголемена информираност на децата и стекнување знаења за здравите и правилните навики. | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | Во континуитет 2026 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.3 | Редовни ортопедски прегледи за навремено откривање деформитети | Навремено откривање и превинирање на деформитетите кај децата. | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево | На почетокот на учебната година 2026 | 60.000,00 денари | Општина Пехчево<br><br>ЈЗУ „Здравствен дом Иван Георгиев“ - Пехчево |
| 6.4 | Лабораоиски анализи | Навремено откривање односно | ЈЗУ „Здравствен дом Иван | На почетокот на учебната година | 0,00 денари | ЈЗУ „Здравствен дом Иван |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | дијагностицирање, мониторирање и превенирање на болеста доколку ја има. | Георгиев“ - Пехчево | 2026 | | Георгиев“ - Пехчево |
| 7. | Едукативни активности за прва помош на вработените во ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево, ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчевои дисперзираните паралелки на средното училиште „Ацо Русковски“ од Берово во Пехчево | Стекнати искуства, знаења и вештини за давање прва помош и постапување во ургентни ситуации, овозможена поголема безбедност на децата во детските градинки, интервенирање навреме и спасување живот. | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово | Континуирано во 2026 | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово |
| 8. | Едукација за здравствена заштита | Со оваа активност децата ќе научат што е значи хигиена, поголема информираност на децата за здравствената заштита. | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово | Континуирано во 2026 година | 0,00 денари | Општина Пехчево<br><br>Црвен крст на Општина Берово |
| 9. | „Булинг не е другарство“ | Намалување на врсничкото насилство (физичко или психичко); | Општина Пехчево<br><br>ОЈУДГ „7 Септември“ – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | Октомври – јуни 2026 година | 5.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 10. | Закана од социјалните мрежи | Подигната свесноста кај децата за опасноста од социјалните мрежи и | Општина Пехчево | Континиурано 2026 | 5.000,00 денари | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | начини за нивна заштита. | ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи | | | |
| 11. | Подигање на свеста за имунозација кај новородените деца од април 2025 до април 2026 | Подигната јавната свест кај населението за позитивните ефекти од имунизацијата на децата. | Општина Пехчево<br><br>НВО КХАМ Делчево сега (Организација жена - Пехчево ) | Април 2026 | 20.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 12. | Финансиска поддрша на сите првооделенци во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и парични награди за сите ученици од ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево кои добиле прво, второ и третто одделение на државни натпревари во учебната 2025/2026 година | Запишани поголем број на првачиња во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и намален трендот на иселување од Пехчево и подигната мотивацијата кај учениците, во што поголем број да учествуваат на државни натпревари по различни предмети | Општина Пехчево | Мај/Јуни 2026<br><br>Септември 2026 година | 150.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 13. | Одбележување на 1 Август – Светски ден на ракот на белите дробови | Подигната свеста кај населението за ракот на белите дробови и превенција од оваа болест | ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | 1 Август | 0 денари | / |
| 14. | Одбележување на 29 Септември – Светски ден на срцето | Зголемена свеста кај населението за заштита и превентива од срцеви заболувања.**Реализатор:** ЈЗУ „Здравствен дом Д-р Иван Георгиев“ – | ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево | 29 Септември | 0,00 денари | Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Пехчево , а **партнер** Општина Пехчево. | Општина Пехчево | | | |
| 15. | Месец октомври – месец на подигање на свеста на ракот на дојката | Зголемена свеста кај населението за симтомите за ракот на дојката и превенција од истиот. | ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | Месец октомври | / | / |
| 16. | Одбележување на 14 Ноември – Светски ден на дијабетисот | Зголемена свеста кај дијабетичарите, и споделување на информација, во одредени ситуации како да делуваат со симтомите на својата болест. | ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | 14 Ноември | 5.000,00 денари | Општина Пехчево |
| 17. | Одбележување на 18 Ноември – Светски ден на хронична обструктивна белодробна болест | Зголемена свеста кај населението за симтомите и превенција за хронична обструктина белодробна болест. | ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | 18 Ноември | / | / |
| 18. | Едукативни предавања за рак на гастоинтестинален тракт и рак на простата | | ЈЗУ „Здравстве дом Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | Месец декември | / | / |
| | | | **ВКУПНО:** | | | **1.245.000,00 денари** |

Финансирањето на активностите утврдени со Програмата во износ од **1.195.000,00 денари** е предвидено со Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година и финансиски средства обезбедени и од спонзорства и од донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2026 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Пехчево.

Бр. 01-1444/1
23.12.2025 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/11 | Општина Пехчево
23.12.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 05/02), член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените ( Службен весник на РМ бр. 6/12, 166/14, 150/15), Советот на Општина Пехчево донесува:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ЗА 2026 ГОДИНА

### *1. ВОВЕД*

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Пехчево има законска обврска за воспоставување на еднакви можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која област од општествениот живот.

Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните прогроми врз жените и мажите и да го известуваат во рамките на своите годишни извештаи и да учествуваат во подготвувањето на Стратегијата за родова еднаквост во делот кој се однесува на единиците на локалната самоуправа.

За остварување на оваа цел, општината согласно одредбите од член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, пожелно е да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерки за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт, може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да превземе конкретни акции во корист на родовата еднаквост, намалување на нееднаквоста и промовирање и градење на реални локални заедници и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса.

### *2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА*

Основните цели на активностите на Општина Пехчево, во областа на **родовата еднаквост,** предвидени со оваа програма се:

- Унапредување на **родовата еднаквост** на локално ниво;
- Прибирање на **родово – разделени податоци** и формирање на база на податоци;
- Зајакнување на свеста на жените ( со акцент на жени Ромки ) за континуирана грижа и заштита на сопственото здравје;

- Зголемено знаење на жените, за пријавување на ИПАРД мерките;
- Едукација на учениците во основното училиште за важноста на машкото и женското здравје;
- Полесна пристапност за пешаци ( особено за жени ) до основното училиште и детската градинка, особено во услови на снег;

### *3. РЕАЛИЗАЦИЈА*

Одговорни субјекти за имплементација на Програмата во областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Пехчево за 2026 година се пред се, Координаторот за еднакви можности, Заменик координаторот за еднакви можности, поддржани од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Пехчево.

Обврска и одговорност на администрацијата, е да креираат, иницираат и организират активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки, кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги разгледуваат од **родов аспект** сите одлуки, извештаи, идеи и политики на Општината.

### *4. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА*

| Реден број | Активност | Времетрање | Буџет на проектот во денари | Одговорни за имплементација и партнери | Извори на финансирање | Индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | Прибирање на **родово** разделени податоци | Јануари - Декември | / | Координаторката за еднакви можности, Заменик координаторката за еднкави можности | / | Изготвен 1 документ со **родово** разделени податоци:<br>-Број на жени/мажи вработени по позиции во училиштата;<br><br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во општината;<br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во јавно комнално претпријатие; |
| **2.** | Разгледување на програмите на општините од страна на КЕМ во насока на | Јануари 2026 | / | Комисија за еднакви можности помеѓу жените и мажите<br><br>Координаторот | / | Разгледани и усвоени Годишните програми на Општина Пехчево |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | нивна родова сензибилизац ија | | | за еднакви можности<br><br>Заменик координатор за еднакви можности | | |
| **3.** | Едукација во основното училиште за важноста на превенција на машкото и женското здравје | Јануари /Декемв ри 2026 | 5.000,00 денари | Координаторкат а за еднакви можности<br><br>НВО секторот<br><br>НВО Организација на жените – Пехчево<br><br>НВО Организација на жени - Делчево<br><br>Здравствен дом Пехчево | Буџет на ЕЛС<br><br>Здравств ен дом Пехчево | Опфатени околу 90 ученици од 8 и 9 одделение од Пехчево и село Црник<br><br>За 20% зголемен степен на едуцирани ученици од основното училиште од Пехчево и село Црник |
| **4.** | Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | Ноемвр и 2026 | 5.000,00 денари | Комисија за еднакви можности<br><br>Координатор за еднакви можности<br><br>Заменик координатор за еднакви можности | Буџет на Општина Пехчево | |
| **5.** | Работилница/ Предавање за последиците од користење на пиротехнички матерјали за време на Новогодишни те празници | Декемв ри 2026 | 5.000,00 денари | Комисијата за еднакви можности, Координторот за еднакви можности и Заменик координаторот за еднакви можности | Буџет на Општина Пехчево | Опфатени 70% од учениците од 5,6,7,8,9 во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево |
| **6.** | Работилница/ Обука за булинг и неговото влијание врз | Октомв ри 2026 година | 5.000,00 денари | Координаторот за еднакви можности и Заменик координатор за | Буџет на Општина Пехчево | Опфатени 70% од учениците од 7,8,9 одделение од ООУ „Ванчо Китанов“ - |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | однесувањето на децата во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | | | еднакви можности | | Пехчево |

## 5. *ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ*

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Пехчево:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на Општината со потенцијални донатори на проекти од областа на еднакви можности;

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Пехчево, во соработка со институциите на локално ниво.

## 6. *ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

Градоначалникот на Општина Пехчево го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзите цели и активности.

Општина Пехчево, преку вработените службеници во Одделението за локален економски развој, ќе ја спроведува и ќе го следи спроведувањето на оваа програма, ќе покренува иницијативи и ќе дава мислења и предлози во врска со остварувањето на предвидените активности и зацртаните цели и унапредување на еднаквите можности во Општина Пехчево.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Пехчево“.

Бр. 01-1445/1
23.12.2025 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Одлука за усвојување на програма со акциски план за спроведување на активности за превенција за детско престапништво, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма со акциски план за спроведување на активности за превенција за детско престапништво, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/12 — Општина Пехчево
23.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 40 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за усвојување на програма со акциски план за спроведување на активности за превенција за детско престапништво, за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата со акциски план за спроведување на активности за превенција за детско престапништво, за 2026 година.

**Член 2**

Програмата со акциски план за спроведување на активности за превенција за детско престапништво, за 2026 година, е составен дел од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Сл. Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1446/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

**ПРОГРАМА СО АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ЗА 2026 ГОДИНА**

Државен совет за превенција
на детско престапништво

Декември, 2025

## 1. ВОВЕД

Младите сметаат дека како општество мора да ги поддржиме семејствата со цел да го превенираме насилството, бидејќи како што велат, многу од работите со кои тие се соочуваат понатаму во животот, потекнуваат од тие четири ѕида во домот. Кога и тие се замислуваат како родители, мислат дека би сакале да имаат достапни центри за поддршка, обезбедени за возрасните на работното место, каде што ќе следат обуки за тоа како да се биде подобар родител, бидејќи како и се друго, и родителството се учи.

Не секогаш се чувствуваат заштитено и не секогаш веруваат дека возрасните се тука да гиислушаат, да ги поддржат и да ги земат нивните мислења и предлози предвид. Младите сметаат дека особено во училиштето возрасните треба со нив да изградат однос на доверба и отворена комуникација, со што ќе им дадат до знаење дека може да се чувствуваат сигурни да ги споделат своите грижи, стравови и предизвици. Кога се несигурни, тие би сакале да можат да му пристапат на психологот во училиштето и да разговараат на теми од нивни интерес, наспроти тоа да бидат стигматизирани и испраќани по казна на разговор кај психологот. Во рамки на училиштето би сакале да имаат механизми за справување со насилна комуникација и алатка преку која ќе можат да ги пријават своите проблеми, без страв од евентуални последици.

Кога ќе се сретнат со појавата на насилство надвор од училиштето, младите велат дека ретко веруваат дека нешто ќе се преземе доколку пријават, стравувајќи за последиците по нив од страна на насилникот. Кога ќе се сретнат со лица од социјалниот и правосудниот сектор, тие сакаат пред се, возрасните да направат се за да ги заштитат, согласно нивниот најдобар интерес, наспроти тоа да ги препраќаат децата од една во друга институција.

Децата и младите сакаат да знаат дека возрасните ќе направат се во нивната моќ за да го превенираат насилството, да ги поддржат во процесот на градење на нивната отпорност и да им обезбедат соодветна поддршка во случаите кога ќе бидат соочени со некоја траума. Оттаму, сакаат овие мерки и активности да не останат само на хартија, туку да се спроведат со цел да се стави крај на насилството врз децата.

Иднината на секое општество зависи од неговата способност да го негува здравјето и благосостојбата на следната генерација деца. Денешните деца се утрешни возрасни, работници и родители. Доколку не успееме да им обезбедиме на децата сигурно и безбедно општество како здрава основа за продуктивен и плоден живот, истовремено ја загрозуваме иднината, просперитетот и безбедноста на нашето општество.

Сите ние како возрасни лица имаме лична одговорност за намалување на насилството врз децата и обезбедување поддршка и заштита на сите деца во нивните семејства и заедници.

Заштитата на децата од насилство претставува едно од основните права на секое дете. За жал, насилството останува да биде сериозна реалност за милиони деца во светот, оставајќи долгорочни последици врз нивниот развој, здравје и благосостојба. Конвенцијата за правата на детето (КПД) претставува еден од највлијателните меѓународни инструменти во превенција и заштита на од насилството, поаѓајќи од најдобриот интерес на детето. КПД имаше клучно значење поголем број земји да пристапат кон примена на различни мерки и активности за превенција и заштита на децата од насилство, вклучувајќи ја и забраната за користење на физичкото казнување на децата.1

Кога станува збор за насилството врз децата мошне тешко е да се дефинира вистинскиот обем на проблемот, првенствено поради недоволното пријавување на случаите на децата жртви. Сепак, истражувањата спроведени во светот и кај нас покажуваат дека многу деца непотребно и тивко страдаат од насилство. Насилството се случува во домот и во заедницата и често останува нерегистрирано од страна на институциите одговорни за заштита на децата. Во Република Северна Македонија заштитата на децата од насилство во последните 15 години е ставено како приоритет на кој континуирано и систематски се работи преку подобрување на политиките, законската рамка и низа мерки и активности за унапредување на системот за превенција и заштита на  на децата од насилство. Покрај вложувањето  во мерките за заштита на децата од насилство преку законските измени и развивање на програми и услуги, преземени во изминатиот период, во иднина неопходно е да се стави поголем акцент на превентивните програми активности и засновани на докази.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПОИМИ

- **Дете –** Дете е човечко суштество кое нема навршено осумнаесет години на живот, ако врз основа на законот кој се однесува на детето полнолетството не се добива порано.
- **Негативни искуства во детството –** Под негативни искуства во детството се подразбираат: физичка, емоционална и сексуална злоупотреба, физичко, и емоционално занемерување, насилство во семејството, проблеми со менталното здравје, депресија суицидиалност кај родителите/старателите, алкохолизам и/или зависност кај родителите/старателите, член на семејството во затвор, развод на родителите/старателите.
- **Насилство врз децата –** сите видови на физичко или ментално насилство, повреди или злоупотреба, занемерување или немарен однос, малтретирање илЗи експолатација на дете, вклучувајќи ја и сексуалната злоупотреба, во однос на доверба и грижа од страна на родителите, старателите или некое друго лице на кое законски му е доверена гижата за детето.
- **Злоупотреба и занемерување на децата –** се дефинира како која било форма на физичка и/или емоционална злоупотреба, сексуална злоупотреба, занемерување или занемерувачки третман или комерцијална или друг вид експлоатација, што потенцијално или реално предизвикува закани или штети по здравјето на детето, опстанокот, развојот или дигнитетот, во контекст на меѓусебен однос на одговорност, доверба или моќ.
- **Физичка злоупотреба –** се дефинира како намерна употреба на физичка сила против детето, која предизвикува повреда или пак постои веројатност да му наштети на етското здравје, опстанок, развој или дигнитет. Тоа вклучува: удирање, тепање, клоцање, тресење, касање, давење, попарување, горење, труење и задушување.

- **Телесно казнување –** се дефинира како „Употреба на физичка сила со намера да се предизвика болка кај детето, но не и повреда, со цел корегирање или контролирање ма однесувањето на детето“.
- **Емоционална или психолошка злоупотреба –** ги вклучува подеднакво изолираните случаи, како и случаи кога родителот/старателот во континуитет не обезбедува опкружување соодветно на разојот на детето и негова поддршка.
- **Занемерување –** подразбира пропусти на родителот/старателот да обезбеди услови за соодветен развој и благосостојба на детето, кога родителот/старателот е во состојба тоа да го стори.
- **Семејно насилство –** се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигрноста, телесно повредување полово или друго психолошко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна зедница или заедничко домаќинство.
- **Експолатација –** под експлоатација на дете се подразбира секој вид комерцјално и/или друг вид искористување на детето за каков било вид корист на други индивидуи: користење на детето за работа, проституирање, користење на детето за порногравски претстави или снимање на порногравски материјал, киднапирање деца со цел сексуално искористување или пак нивна продажба;
- **Злоупотреба на детски труд –** се подразбира оној труд кој ментално психички, социјално и морално е штетен за детето, влијае на образовниот процес на детето на тој начин што го оневзможуваат одењето на училиште, го образува детето да го напушти училиштето пред време или го принудува детето да го посетува училиштето под многу тешки околности, вклучувајќи најлоши можни облици на детски труд.
- **Врсничко насилство –** булинг претставува постојана и намерна слоупотеба на моќ во односите помеѓу врсниците преку повторувачко вербално, физичко и/или социјално агресивно однесување кое има намера да предизвика физички, социјални и/или психолошки повредувања.
- **Насилство од интимен партнер –** се однесува на: „Какво било однесување во рамки на интимна врска што предизвикува физичка, психичка или сексуална повреда на лицата во таа врска и ги вклучува следниве однесувања: физичка агресија, психичко насилство, принуда на сексуален чин или други форми на сексуална злоупотреба.
- **Адолесцентно партнерско насилство во врска –** претставува „Кое било однесување кое му нанесува штета на развојот или здравјето на партнерот, преку загрозување на нејзиниот или неговиот физички, психолошки или сексуален интегритет“.
- **Принуден или детски брак –** претставува принуда врз детето да стапи во брак или насилно носење на детето во друга земјаза да стапи во брак или насилно носење на детето во друга земја за да стапи во брак.

- **Родово засноваење насилство** – над детето претставува секој чин на насилство над детето поради родот, полот или сексуалната ориентација, а може да вклучи родови предрасуди и дискриминација, сексуално вознемирување, насилство во партнерски релации и други форми на физичко, психолошко или сексуално засновано на род.

## 3. НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РАМКА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ОД НАСИЛСТВО

- Закон за правда за децата;
- Закон за заштита на децата;
- Законот за семејство;
- Законот за основно образование;
- Законот за средно образование;
- Законот за здравствена заштита;
- Законот за здравствено осигурување;
- Законот за евиденции во областа на здраството;
- Кривичниот законик;
- Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство;
- Законот за работни односи;
- Законот за спречување и заштита од дискриминација;

## 4. ЦЕЛИ И АКТИВНОСТИ

| **Стратешка цел 1: Унапреден и зголемен капацитет на службите и институциите за заштита и поддршка на сите деца од насилство, во рамки на здравствениот, социјалниот, образовниот, полицискиот, правосудниот систем во соработка со родителите** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активност | Очекувани резултати | Период за спроведување на активноста | Одговорна институција | Буџет |
| Иницирање на родителски патроли во соработка со полициски службеници по пунктови/жаришта и места каде има поголем број на | Реализирани 5 родителски патроли во соработка со полициски службеници по лоцирани пунктови/жаришта каде има поголем број | Месец февруари, мај, јуни, јули, август и декември | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово | 0 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| малолетници | на малолетници и подигната јавната свест кај малолетниците за нивното однесување во затворен и отворен простор во поголеми групу. | | Јавна станова Центар за социјална работа – Берово, Канцеларија за матерјални давања – Пехчево | |
| Спроведување на едукативно предавање и работилница за штетно влијание на дрогата, алкохолот и цигарите врз развојот на младите | Спроведено 1 предавање на тема „Штетното влијание на дрогата, алкохолот и цигарите врз развојот на младите кај учениците од 6,7,8,9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Месец октомври | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавна станова Центар за социјална работа – Берово, Канцеларија за матерјални давања – Пехчево<br><br>ЈЗУ „Д-р Иван Георгиев“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | 3.000,00 денари |
| **Стратешка цел 2: Зајакната отпорност на семејства преку позитивни родителски практики и вештини** | | | | |
| Спроведување превентивни програми за спречување на рани, договорни и присилни бракови кај сите семејства особено кај ромската популација | Спроведени 2 обуки за спречување на договорни и присилни бракови кај учениците од 8 и 9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево и подрачното училиште во село Црник | Месец април и месец мај | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавна станова Центар за социјална работа – Берово, Канцеларија за | 3.000,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | матерјални давања – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | |
| **Стратешка цел 3: Зајакнати вештини за справување со конфликти и ненасилна комуникација и отпорност кон негативни искуства од дестството кај децата** | | | | |
| Едукација преку предавање и работилница за ненасилна комуникација, препознавање на сите видови на насилство, со посебен акцент на булинг кај децата во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Спроведена 1 обука со работилница кај децата од 7,8 и9 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево | Месец февруари/март | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавна станова Центар за социјална работа – Берово, Канцеларија за матерјални давања – Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | 0 денари |
| Едукација за жртви на трговија со деца | Спроведена 1 обука со работилница за учениците од 7,8 одделение во ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево | Месец април | Биро за јавна безбедност, Сектор за внатрешни работи Штип, Одделение за внатрешни работи Берово ПС ОН Берово<br><br>Јавна станова Центар за социјална работа – Берово, Канцеларија за матерјални давања – | 3.000,00 денари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Пехчево<br><br>ООУ „Ванчо Китанов“ – Пехчево<br><br>Општина Пехчево | |
| **ВКУПНО:** | | | | **9.000,00 денари** |

**5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Иднината на секое општество зависи од неговата способност да го негува здравјето и благосостојба на следната генерација деца. Денешните деца се утрешни возрасни, работници и родители. Доколку не успееме да им обезбедиме на децата сигурно и безбедно општество како здрава основа за продукривен и плоден живот, истовремено ја загрозуваме иднината, просперитетот и безбедноста на нашето општество. Сите ние како возрасни лица имаме лична одговорност за намалување на насилство врз децата и обезбедување поддршка и заштита на сите деца во нивните семејства и заедници.

Општина Пехчево
Општински совет за превенција на детско престапништво
Претседател
Ивана Крчева с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на програма за работа на локален младински совет на Општина Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма за работа на локален младински совет на Општина Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/13 — Општина Пехчево
23.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62, став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24) и член 12-е од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на програма за работа на локален младински совет на Општина Пехчево за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува програмата за работа на локален младински совет на Општина Пехчево, за 2026 година.

**Член 2**

Програмата за работа на локален младински совет на Општина Пехчево, за 2026 година, е составен дел од оваа Одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен Гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1447/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 12-е од Статутот на Општина Пехчево („Службен гласник на Општина Пехчево бр.5/2021) и врз основана член 3 став (3) од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на РСМ" бр. 10/2020), Локалниот младински совет на Општина Пехчево ја предлага следната:

**ПРОГРАМА**
**За работа на локален младински совет на**
**Општина Пехчево за 2026 година**

## 1. ВОВЕД

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, формираниот локален младински совет носи годишна програма за работа, преку која со активности ќе учествува во креирање на локални политики за подобрување на статусот и во интерес на младите на возраст од 15-29 години во општината Пехчево.

Креирањето на програмата е во согласност со Националната стратегија за млади 2023-2027, а истата е прилагодена со активности кои ќе се спроведуваат во насока на остварување на интересите и потребите на младите на локално ниво.

Во изработката учествуваа членовите на Локалниот младински совет и членовите на локалното младинско собрание на Општина Пехчево, членовите на општината администрација како и младите во општината давајќи предлози за активностите кои би биле од корист на младите во Општина Пехчево на возраст од 15 до 29 години.

Предложените активности соодветствуваат со актуелната состојба со младите во Општина Пехчево, односно информациите кои секојдневно допираат до членовите на Локалното Собрание на млади и Локалниот младински совет на Општина Пехчево, како претставници на младите, консултации со младинските организации и организации за млади на територија на Општина Пехчево и воочените и идентификувани проблеми на општинско ниво идентификувани во рамки на проектот „Младински активизам за позелени општини'' финансиски поддржан од Европската Унија, преку спроведување на јавна анкета за идентификација на приоритетните области за работа на локалниот младински совет.

Во програмата се предвидени активности од неколку тематски области како : младинско учество, младинско информирање, култура, едукација, спорт, квалитет на живот, животна средина.

## 2. ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ

**Младинско учество -** претставува процес што на младите им овозможува учество и заедничко носење на одлуки за политики и програми што директно или индиректно го оформуваат животот на младите . Под младинско учество се подразбира активно вклучување на младите, аплицирање на проекти или идеи иницирани од млади луѓе кои ги поттикнуваат возрасните да учествуваат во процесот на донесување одлуки како партнери.

**Младинско информирање -** преку младинското информирање се обезбедува пристап до информациите кои се поврзани со младите, од институциите на централно и локално ниво. Младинското информирање е особено значајно за прашања и области кои директно ги засегнуваат младите согласно нивните потреби. Со ова младите имаат слободен пристап и достапност на информациите.

**Образование -** преку образованието се зајакнуваат капацитетите на младите од областите кои се важни во нивното општество и државата во која функционираат. Покрај формалното образование, во оваа програма ставаме голем акцент на неформалното образование – јавни трибини, обуки работилници за прашања кои ги засегнуваат младите а чии теми не се детално опфатени со официјалната образовна програма. Неформалните работилници и обуки ќе се организираат и спроведат на теми од значен интерес на младите како на пример животната средина и заштитата на личните податоци на интернет. Во период на енормно загадување на

животната средина, потребно е да се зголеми свесноста за важноста на шумите како и виодиверзитетот кој што живее во нив. Исто такам, во период на подем на интернетот и користењето на интернет алатките од особена важност е да се зголеми јавната свест кај младите за споделувањето на податоци на интернет и ризикот од нивна злоупотреба.

**Животна средина** – животната средина претставува област од особено значење за младите. Заштитата на животната средина се поставува како приоритетна област за работа на младите. Вклучува активности за заштита на животната средина, активности за спроведување на иницијативи на локално ниво за нејзино подобрување, креирање на можности за подигнување на свеста на младите за заштитата на животната средина како и јакнење на капацитетите на младите преку одржување на неформални средби и работилници со младите.

**Култура -** опфаќа две компоненти: верувања, вредности и однесувања од една страна и поединецот , од друга страна, кој активно влијае врз измените на културните традиции и со својата интеракција станува основен двигател во промената на традиционалните елементи на културата. Претставува збир од материјални и духовни вредности кои се под влијание на традиционалните рамки и на современите промени кои го формираат прифатливото однесување на членовите на едно општество. Покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други мерки и активности за подобрување на културно-рекреативниот живот и културна понуда на младите луѓе.

**Спорт -** спортските активности придонесуваат за личен и социјален развиток на личноста преку спроведување рекреативни активности со цел одржување и стекнување на здрави животни навики. Покрај тоа што спортувањето придонесува за подобрување на физичкото и менталното здравје, преку спортот се остварува и развива социјалниот дел на личноста кој доведува до зголемување на младинското дружење.

**Квалитет на живот** – содржи елементи од сите досега обработени тематски области, но истовремено се фокусира и на нови кои директно не потпаѓаат под постоечките области.

## 3. ЦЕЛИ

-Зголемување и зајакнување на капацитетите на младите за одредени теми преку неформалното образование ( одржвуање на јавни трибини, обуки, работилници);

-Зголемување на достапноста на информации од интерес на младите ( јавни повици, јавни конкурси, настани, обуки, работилници) преку креирање на посебен дел ( инфо катче за млади);

-Младите како проактивни чинители и креативни партнери во процесите на заштита на животната средина на локално ниво преку иницирање и креирање политики и програми на локално ниво;

-Збогатување на културниот живот на младите и нивно активно вклучување во креирање и спроведување на културни политики;

-Збогатување на спортскиот живот на младите и активно вклучување во креирање и спроведување политики за развој на спортот.

## 4. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

| | **Години** | **Вкупно - Пол** | **Мажи** | **Жени** |
|---|---|---|---|---|
| **Општина Пехчево** | 15 | 19 | 11 | 8 |
| | 16 | 37 | 20 | 17 |
| | 17 | 40 | 15 | 25 |
| | 18 | 34 | 21 | 13 |
| | 19 | 35 | 18 | 21 |
| | 20 | 39 | 24 | 19 |
| | 21 | 43 | 19 | 20 |
| | 22 | 39 | 35 | 23 |
| | 23 | 58 | 35 | 23 |
| | 24 | 40 | 16 | 24 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 25 | 43 | 24 | 19 |
| | 26 | 52 | 32 | 20 |
| | 27 | 44 | 29 | 15 |
| | 28 | 42 | 27 | 15 |
| | 29 | 40 | 22 | 18 |

## 5. АКТИВНОСТИ И ФИНАНСИРАЊЕ

| Тематска област | Активности | Очекуван резултат | Временска рамка | Ресурси | Предвиден буџет |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Едукација** | Организација на младински едукативен камп (сет обуки, работилници и забавни активности) | Зајакнување на знаењата и вештините кај младите | Јуни-јули 2026 | Соработка со Општината, службеник за млади, лице придружник на летниот камп | 10.000 денари |
| **2. Култура** | Божиќен базар | Изложување на рачни изработки, дружба меѓу младите | Јануари 2026 | Јавен простор, рачни изработки | 10.000 денари |
| | Одбележување на Велигден | Дружење на младите | Април 2026 | | 2.000 денари |
| | Одбележување на Осми март | Мало внимание кон понежниот пол | Март 2026 | Цвеќиња(ружи/каранфили) или честитки | 3.000 денари |
| | Отворени денови– кино на отворено ( летна културна програма за младите) | Збогатен културно забавен живот во текот на летниот период | Јуни-август 2026 | Јавен простор, техничка опрема | 0 денари |
| **3. Спорт** | Трка Берово-Пехчево (10км) | Зголемување на младинско учество и дружење придружено со спортски дух | Април-Мај 2026 | Вода, награди за учество | 13.000 денари |
| | Организирање младински турнири во футсал | Зголемување на младинско дружење | Јуни-август 2026 | Вода, награди за учесниците | 10.000 денари |
| | Собир на млади-организирана | Зголемување на младинско дружење | Септември 2026 | Вода | 1.000 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тура за пешачење и планинарење | | | | |
| **4. Квалитет на живот** | Организирање на младинска забава | Збогатен забавен живот | Февруари 2026 | Coffee Bar Kim | 3.000 денари |
| | Организирање на младинска забава | Збогатен забавен живот | Октомври 2026 | Coffee Bar Kim | 3.000 денари |
| | Делење на храна (пакети со храна на ранливите категории) | Помош за ранливите категории граѓани | Декември 2026 | Храна<br>(во соработка Црвен крст) | / |
| **5. Младинско информирање** | Посета на младински центри | Информираност околу функционирањето на младинските центри и зголемување на свеста за важноста од отварање на младински центар | Ноември 2026 | Превоз | 5.000 денари |

Активностите утврдени во оваа Програма ќе се реализираат со средства од Буџетот на Општина Пехчево за 2026 година ( да се наведе програма) со можност и за други извори на финансирање како што се проекти, соработка со Агенција за млади и спорт и невладини организации кои работат во областа на младите. Согласно Законот за младинско учество и младински политики, од Буџетот на Општина Пехчево треба да се издвојат средства во висина од 0.1%.

## 6. РОДОВИ ИНДИКАТОРИ

- Вклученост на млади, девојчиња и момчиња во креирање  и реализација на младински политики на локално ниво;
-Еднаков пристап на девојчиња и момчиња до информации ( младинско информирање);
-Број на девојчиња и момчиња кои иницирале , учествувале во подготовката и усвојувањето на Стратегија на млади во Општина Пехчево;
-Евиденција на девојчиња и момчиња кои ја посетиле канцеларијата на Локалниот младински совет Пехчево , побарале информации од делокругот на младински прашања , информации, и политики и се што е од делокруг на работа на ЛМС Пехчево и Општина Пехчево;
- Спроведување на список за присуство на настани од кој би се собрале подароци во врска со пол, род, возраст;

## 7.ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на активностите предвидени во програмата за работа на Локалниот младински совет во Општина Пехчево, задолжен е Локалниот младински Совет на Општина Пехчево, во соработка со Општина Пехчево, а во координација со службеникот за млади во Општина Пехчево.

**8.СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ**

За остварените резултати и спроведените активности кои се наведени во Програмата за работа на Локалниот младински совет во Општина Пехчево ќе се подготвува годишен извештај од страна на Локалниот младински совет во соработка со службеникот за млади, кој ќе биде дадн на усвојување на Советот на Општина Пехчево, а ќе биде објавен и во служебн гласник на Општина Пехчево. Покрај објавување во службено гласило, во соработка со Општината и ИТ службата, активностите, остварените резултати ќе се промовираат на веб страницата на Општина Пехчево како и на социјалните мрежи со кои располага Општината Пехчево и Локалниот младински совет Пехчево.

**9.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Програмата за работа на Локален младински совет на Општина Пехчево во 2026 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во Служблен гласник на Општина Пехчево.

Локален младински совет
Претседател
Јана Тодоровска с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/14
23.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Управен одбор во ЈКП ,,Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност

Освен овие услови, членот на управниот одбор во јавното претпријатие треба да има најмалку пет години работно искуство од кои:

- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на финансиско работење или
- најмалку еден член на управниот одбор со работно искуство од областа на правните работи

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК

ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец" Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски

ПРИЛОГ

Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум                                   Потпис на подносителот

| | |
|---|---|
| Пополнува примачот на пријавата | |
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>____________________година | Потпис и печат<br><br>____________________ |

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење, мора да ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија,
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Освен овие услови, членот во надзорниот одбор на јавното претпријатие треба да имаат и соодветно работно искуство и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи.

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА НАДЗОРЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО„ во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 5 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец” Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП ,,Комуналец” Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски

ПРИЛОГ

**Образец за пријавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен/надзорен одбор на јавно претпријатие**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив и седиште на јавното претпријатие | |
| 2. | Име и презиме | |
| 3. | Место на живеење (улица и број) | |
| 4. | Телефон за контакт | |
| 5. | Е-маил/e-mail | |
| 6. | Кратка биографија | |
| 7. | Уверение за државјанство | |
| 8. | Уверение или диплома за завршено високо образование | |
| 9 | Доказ за соодветно работно искуство наведено во јавниот повик (потврда од ФПИОСМ за евидентиран стаж) | |
| 10. | Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон | |
| 12. | Потврда дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност | |

Датум　　　　　　　　　　　　　　Потпис на подносителот

| Пополнува примачот на пријавата | |
|---|---|
| Архивски број на пријавата | |
| Датум на прием на пријавата<br><br>____________________година | Потпис и печат<br><br>____________________ |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на план за јавни набавки на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на план за јавни набавки на ОУ МБ „Кочо Рацин„ - Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/15 — Општина Пехчево
23.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24) и член 30 точка 25 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на план за јавни набавки на ОУ МБ Кочо Рацин Пехчево за 2026 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува планот за јавни набавки на ОУ МБ Кочо Рацин Пехчево за 2026 година.

**Член 2**

Планот за јавни набавки на ОУ МБ Кочо Рацин Пехчево за 2026 година бр.0507-72/1 од 09.12.2025 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1449/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

[stamp] 0507-721/1
09.12.2025 год.

# ОУ МАТИЧНА БИБЛИОТЕКА „КОЧО РАЦИН"-ПЕХЧЕВО

ул. „Маршал Тито", бр.1 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 678
e-mail: koco_racin70@yahoo.com

Врз основа на член 26 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 15/2013, 148/2013, 28/2014, 43/2014 и член 75 Сл.весник на РМ бр.24/2019.) член 29 точка 11 од Статутот на ОУ Матична библиотека „ Кочо Рацин" – Пехчево, Управниот одбор на седницата одржана на ден _________ 2025 година донесе:

## ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2026 ГОДИНА НА ОУ МАТИЧНА БИБЛИОТЕКА „КОЧО РАЦИН"-ПЕХЧЕВО

| Р.БР. | Предмет на договорот за јавна набавка | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапката | Проценета вредност на договорот без ДДВ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на услуги од агенција за привремени вработувања | Јануари 2026 | Поедноставена отворена постапка | | | 560.000,00 |

**Дата: __________ 2025**
**Пехчево**

КОЧО РАЦИН

**Претседател на Управен одбор**
[signature]

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување на подрачјето на општина Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување на подрачјето на општина Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/16 — Општина Пехчево
23.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 15 од Законот за комуналните такси (Сл.Весник на Р.М. бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21) и член 30 став 1 точка 12 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**

**за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување на подрачјето на Општина Пехчево за 2026 година**

Согласно одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на Општина Пехчево, Советот на општината го уредува и организира вршењето на работите сврзани со јавното осветлување во општината.

Со програмата се утврдуваат активностите за одржување на јавното осветлување за 2026 година. Односно се утврдува обемот и динамиката на одржувањето, финасирањето на истите, како и финансирањето на потрошената енергија од јавното осветлување на општината.

Финасирањето, односно покривањето на трошоците за јавното осветлување е регулирање со Законот за комуналнте такси (Сл. весник на РМ. Бр. 61/04, 64/05, 92/07), според кој за користење и одржување на јвното осветлување се плаќа комунална такса во висина на противвредност од 25 киловат час за домачинства и 50 киловат час за трговски друштва и занаетчии по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

Наплатат на таксата за користење и одржување на јавното осветлување од имателите на броило ја врши „ЕВН Македонија „ КЕЦ Делчево и ја уплатува на сметка на Буџетот на општина Пехчево.

Бројот на иметелите на броила во текот на годината е променлив од причини што има пријавено потрошачи и потрошачи кои се одјавуваат и не користат електрична енергија.

Моментално на територијата на Општина Пехчево има регистрирано _____ броила, од кои ___ домаќинства и ___ трговски друштва. Мрежата за јавно осветлување се напојува од 35 трафостаница во кои се наоѓаат блокови за јавно осветлување.

Со редовно одржување на јавното осветлување е опфатено:

- Равна река - електификација
- Набавка и вградување на нови светлосни тела
- Замена на прегорени и скршени сијалици
- Замена на оштетени светлосни арматури
- Замена на заштитни стакла
- Замена на сите останати елементи на сијачно место
- Набавка и уградување на надземен кабел за проширување на мрежата
- Санирање и осветлување на кејот на пехчевска река
- Поставување на нови столбови на улици(замена на дотраени и проширување намрежата за улично осветлување со нови арматури во Пехчево и населените места)

Во програмата за јавно осветлување за 2026 година се предвидува _______ денари сопствени сретства од кои за:

Јавно осветлување:

За тековната потрошувачка електрична енергија ----------- ден.
Изградба и санирање на јавно осветлување:
За одржување на инсталација ............................ ден.
Поставување на нови столбови на улици ....... ден.
Доизградба на електрична мрежа во населбите...... ден.
Набавка и опрема за одржување .................. ден.
Барање согласност за приклучување како потрошачи... ден.

Вкупно.............................................................. ден.

Во текот на 2026 година во Пехчево и по другите населени места во Општината се планира да се продолжи со набавка и вградување на нови светлосни тела за заштита на електричната енергија.

Редовното одржување на јавното осветлување се изведува со вршење на редовни контроли преку теренски увид за согледување на состојбите, отстранување на утврдените дефекти и доведување на јавното осветлување во исправна состојба.

Во рамките на одржување на јавното осветлување ќе се врши и месечно читање на потрошената електрична енергија од јавното осветлување во сите напосни трафостаници. Извршител на сите овие активности ќе биде „ЕВН Македонија„ Кец Делчево. Додека редовното одржување преку замена на елементи ќе го врши стручно лице ангажирано во Општина Пехчево.

Надзор во редовното одржување на инсталациите, проверка на пристигнатите фактури за наплата на извршените работи, како и динамиката на наменското користење на средствата ќе врши оделението за комунални работи и заштита наживотната средина.

Постепено заменивање на старите улични светилки со нови штедливи светилки.

1. Осветлување на Млекара Робово

   Извори на финансирање:

2. Средства од граѓани за улично осветлување.
3. Сопствени средства.

Програмата ќе се објави во Службен гласник на Пехчево

Бр. 01-1450/1
23.12.2025 год.
Пехчево

Совет на општина Пехчево
Претседател
Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи и канализациона мрежа, одржување и изградба на речни корита и уредување и изградба на вештачки системи во општина Пехчево, за период 2026 год**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи и канализациона мрежа, одржување и изградба на речни корита и уредување и изградба на вештачки системи во општина Пехчево, за период 2026 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/17
23.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. Бр.05/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), член 30 став 1 точка 13 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**

**За изградба, реконструкција и одржување на водоводи и канализациона мрежа, одржување и изградба на речни корита и уредување и изградба на вештачки системи во општина Пехчево за период 2026 год.**

1. Водоводи

- Водовод и цевковод на ТН Равна Река......................................9.428.265,00ден.
- Зафат и довод во с. Панчарево (трајанова маала)..................... 2.000.000,00 ден
- Реконструкција на мрежа с. Црник.......................................... 2.000.000,00 ден. Реконструкција на системот (жтако) со филтер станица. 10.000.000,00 ден.
- Изградба на нов Резервоар од 700м3 после прекидната комора пред филтер станицата.
- Изградба на водоводна мрежа од разделната шахта на „Симин Рид„ до малото стопанство „
- Чуката„ и изградба на разводна водоводна мрежа во истата локациај (Чуката)..10.000.000,00
- Изградба на водоводна мрежа од прекидна комора до пат Симин Рид и до мало стопанство кај Јовевски Благој..................................................3.000.000,00 денари
- Реконструкција на зафатот на „ Виничка река„ во село Црник. 1.000.000,00 денари
- Промена на водоводната мрежа во село Црник од захватот на Виничка река и Чатал Чешма до Резервоар. .......................1.500.000,00 денари

- Изградба на доводен цефковод за вода на Равна Река од постоечка каптажа до крај на блок бр.4 во должина од околу 4км...............................................................................12.000.000,00 ден.
- Модернизација на филтер станица во Пехчево. .............1.300.000,00 денари

**Вкупно.............................................................................. 30.800.000,00 ден.**

2. Канализација

1.1 Робово пречистителна станица ....................................... 4.000.000,00 ден.

1.2 Умлена пречистителна станица........................................ 3.500.000,00 ден.

1.3 Доизградба на пречистителна станица во Црник ........... 1.500.000,00 ден.

1.4 Спојување на пречистителната станица во малото стопанство на ,,Чуката,, со колекторот на пехчевска река . .......1.200.000,00 ден.

**Вкупно.............................................................................. 10.200.000,00**

**Изградба на фонтана на Плоштад – Пехчево**

**Уредување  на речно корито на Пехчевска река.............................................15.115.040,00ден.**

**Атмосферска канализација во населено место Пехчево**

3. Проекти

1. Проект за канализација с. Негрево...............................
2. Проект за Индустриска зона канализација Пехчево.........................
3. Проект за канализација во с. Панчарево.............
4. Проект со хидранска мрежа во Пехчево........
5. Проект за реконструкција на водоводот на жтачка река..........
6. Регулација на речно корито од хотел Гогов до влез во Пехчево кај станбена зграда

4. Извори на финансирање

1. Министерство за транспорт и врски
2. Министерство за животна средина и просторно планирање
3. Странски донации
4. Сопствено учество

Програмата ќе се објави во Службен гласник на општината.

Бр. 01-1451/1<br>23.12.2025 год.<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/18 Општина Пехчево
23.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), и член 12 став 1 точка 4 и член 30 точка 11 од Статутот на Општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), а во врска со член 14 став 4 и член 15 став 3 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ" бр. 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), Советот на Општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**ПРОГРАМА**
**за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта**
**и улици во општина Пехчево за 2026 година**

Во текот на 2026 година ЕЛС на Пехчево има планирано од буџетските сретства на општина Пехчево и делот обезбеден преку финансирањето од Републичкиот Фонд за магистрални патишта – Скопје, изврши градежни и други работи на локалните патишта и улици во општина Пехчево во висина од **290.588.386,71** денари, како следи:

1. **Изградба на улици и реконструкција на локални патишта**

- Реконструкција на постојниот пат с Умлена- с.Робово ........................ 19.595.869,00 ден.
- Изградба на дел од улица бр.1 во индустриска зона" Чуката" –Пехчево..2.261.893,00ден.
- Изградба на капела во општина Пехчево...................................................7,142,670,00ден.
- Реконструкција и пренамена на Пожарен дом во центарот на Пехчево во информативен центар..................................................................................................6.000.000,00ден.
- Хортикултурно и партерно уредување на источен влез во Пехчево.........4.456.317,00ден.
- Реконструкција на Дом на култура во село Црник.......................................809.716,00ден.
- Реконструкција на Дом на култура во село Панчарево..............................1.158.731,00ден.
- Реконструкција на дел од улица Равен – изградба на тротоари и партерно уредување..........................................................................................1.578.801,00ден.
- Реконструкција и рехабилитација на локален пат од с. Црник до спој со регионален пат Р523, општина Пехчево...................................................................14.993.124,00ден

- Изградба на тротоари во Пехчево ............................................................ 2.520.000,00 ден.
- Изградба на улица Александар Македонски..............................................3.500.000,00 ден.
- Реконструкција на улица бр.1 турист.нас. Равна Река...........................64,378,031.72 ден.
- Реконструкција на локален пат Равна река – 2 фази............................115.293.233,99ден.
- Реконструкција на административна зграда................................................750.000,00ден.
- Поставување на фотонапонски панели на кров на административна зграда..........................................................................................................950.000,00ден.
- Изградба на улица Илинденска со крак улица Даме Груев и крак улица Мирче Ацев..........................................................................................................38.000.000,00ден.
- Реконструкција на фасада и под на спортска сала при ООУ Ванчо Китанов Пехчево...........................................................................................9.277.864,46ден.
- Зимско одржување на патишта и улици...................................................1.000.000,00 ден.
- Тековно одржување на патишта и улици .................................................1.800.000,00 ден.

**2. Изработка на проекти.......................................................1.500.000,00ден.**

- Реконструкција и рехабилитација на ул. Македонија
- Реконструкција и рехабилитација на ул. Кадиица
- Реконструкција на улица Александар Македонски
- Реконструкција и уредување на централно гратско подрачје
- Изградба на пристапен простор кај стара гимназија
- Изградба на пристапен пат од Пехчево до фил.станица – 2 фази(тампон и асфалт)

**3. Експропијација на градежно земјиш..............................2.000.000,00ден.**

**4. Надзор нас изградба на општински патишта и улици....500.000,00ден.**

**5. Санирање и реконсртукција на скали на јавни површини..................................................................500.000,00ден.**

**6. Изградба и санирање на потпорни ѕидови.....................1.000.000,00ден.**

**ВКУПНО: 290.588.386,71 ден.**

**Извори на финансирање:**

1. Биро за недоволно развиени подрачје и странски даноци;
2. Фонд за магистрални и регионални патишта;
3. Министерство за животна Средина
4. Министерство за транспорт и врски - Светска банка
5. Сопствено учество;

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 01-1452/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на Програма за изработка на планови за општина Пехчево, за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Програма за изработка на планови за општина Пехчево, за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/19 Општина Пехчево
23.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Советот на општина Пехчево го утврдува Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, поднесен од страна на градоначалникот на општина Пехчево бр.08-1409/1 од 18.12.2025 година, за обезбедување на услуги од општина Берово, во својство на раководител на одделението за урбанизам, за општина Пехчево и тоа:
- техничка подршка при донесување и изработка на урбанистичка документација,
- учество во постапката за легализација на бесправно изградени објекти,
- учество во постапката за бесправно изградени објекти на земјоделско земјиште,
- учество во постапката за издавање на одобрение за градење во електронска форма за објекти на градежно и земјоделско земјиште,
- учество во постапката за отуѓување на градежно изградено и неизградено земјиште со непосредна спогодба и со електронско јавно наддавање, давање под краткотраен и долготраен закуп на градежно изградено и неизградено земјиште.

**Член 2**

Утврдениот предлог од член 1 на оваа Одлука и процената за потребата од воспоставување на меѓуопштинска соработка се доставува до општина Берово на усвојување.

**Член 3**

Меѓуопштинската соработка ќе се реализира преку потпишување Договор за меѓуопштинска соработка од страна на градоначалниците на двете општини, по претходно донесени одлуки од страна на советите на општините, во кој ќе се утврди видот и времетраењето на вршењето на услугите, условите и постапките за престанок на договорот и други прашања.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1457/1 — Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 8 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09 и Сл.Весник на РСМ бр.241/24) Советот на општина Пехчево на седницата одржана на ден 23.12.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на членови во заедничката комисија за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општина Берово**

**Член 1**

За членови на заедничката комисија за членови од општина Пехчево се именува:
- Маја Багашовски;

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1457/2 — Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. — Претседател
Пехчево — Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 год**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 год, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/24 Општина Пехчево
23.12.2025 год. Градоначалник
Пехчево Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002, 202/24) и член 30 точка 29 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево го усвојува годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година.

**Член 2**

Годишниот извештај за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2025 година бр. 03-70/2 од 16.12.2025 година, е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1458/1 Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. Претседател
Пехчево Миле Гошевски с.р.

---

Извештај за 2025 год

Јануари:

Изложба Ин Виница Веритас
Изложбата беше отворена од страна на директорката на Дом на култура Благица Стојановска на 24.01.2025 год .Беа изложени 50 карикатури .
Овој фестивал на хумор и сатира во Виница се одржува веке 15 год.и во соработка со другите градови ,изложбата можат да ја видат и други љубители на уметноста.
На отварањето на изложбата имаше претставници ,директори и вработени од други институции,наставници ,ученици од ООУ,,Ванчо Китанов ".
Изложбата беше отворена 10 дена ,и беше посетена од многу ученици,и грагани на Општина Пехчево.

На 28.01.посета на изложба на карикатури од ООУ,,Ванчо Китанов'' со ученици и наставничка од целодневна настава.

Учениците откако ја разгледаа изложбата ,покажаа интерес ,и сакаа да нацртат по една карикатура.

Февруари;

Месец на празник Св Трифун ден на овоштарите,лозарите,и Св Валентин Ден на љубовта.
По тој повод ние организиравме 3 дневна работилница во домот на културата ,со ученици од ООУ,,Ванчо Китанов Пехчево.
Првиот ден учествуваа ученици од IX одд.и изработија разни елементи со лепење и цртање на хартија со разни техники.
Учество во креативната работилница земаа и возрасните учесници кои покажаа како се црта,техника на изведба,работа со волна и филцање.
Интересен настан во кој сите покажаа дружба,соработка,креативни идеи .

Трета работилница која се одржа на 14.02.2025 год и учениците со учителката Трајанка искористија рециклиран материјал од стари картони и тоалетна хартија и изработуваа разни форми.

15.02.2025 год од 18 час. гости градски хор Штип и Драган.Прекрасен концерт по повод Св.Трифун и ден на вљубените .Публиката ја кренаа на нозе и се изиграа неколку ора со традиционални песни и музика.

На 21.02.2025 год во кино салата се одржа состанок на ловно друштво Пехчево ,и пред влезот беше постравена кутија за донација за Андреа Гиздовска од Пехчево .Беа собрани 7.000,00 ден и истите се внесени на жиро сметка на Благојчо Гиздов.
И посакуваме на Андреа побргу оздравување.

Март активности:

По повод 8 Март денот на жената,мајка борец ,баби ,и сите оние од понежниот пол го обележавме со креативна работилница во изработка на разни фигури со учениците од 9 одд. При ООУ,,Ванчо Китано" Пехчево.

11.03.2025 год тетарска претстава ,,Волшебната шума и кралот Еко".
На претставават за прв пат беа ученици од подрачното одделение од село Црник.
Наставничките и учениците беа среќни за заедничката соработка со домот и што овозможивме децата од другите селски средини да видат што е тоа театар и да се запознаат со актерите во живо.

Април:

11.04.2025 год. Креативна Велигденска работилница со ученици од ООУВанчо Китанов "Пехчево.
Учениви од прво и деветo одд. изработуваа Велиденски јајца и украси со што ја покажаа својата креативност негувајки ја културата,традицијата ,христијанското во себе обележувајки го престојниот најголем православен празник Велигден.

15.04.2025 год. Втора креативна Велигденска работилница на која учество земаа ученици од ООУ,,Ванчо Китанов“ со учителката Трајанка Бекарска.Учениците цртаа,изработуваа разни јајца и зајчиња од хартија во боја.На учениците од страна на директорката им беше објаснето значењето на најголемиот Христијански празник Велигден, Христовото воскресение,значењето на црквата.Учениците покажаа голема заинтересираност,креативност и,поминавме прекрасно дружење исполнето со радост,насмеани детски лица.

Во соработка со дом на култура Виница ,со превземање на изложби предвидени во програмските активности за 2025 год. трета самостојна изложба на Павел Јовановски .Изложбата се отвори на 14.05 .2025 год во 12 час.во фоајето на дом на култура Виница.Присуствуваа ученици од основното и средното училиште вработени во локалните установи,пријатели и познаници.Изложбата ке биде отворена 15 дена .

19.05.2025 год посета на музеј на град Берово со ученици од 9 одд од ООУ,,Ванчо Китанов Пехчево.Кустос Васко Андовски ги објасни музејските поставки во музејот и беше одбележан Мегународниот ден на музеите.

21.05 .2025 год среда се одржа патронат на ООУ Ванчо Китанов Пехчево.во кино салата.
Во соработка и подршка со Општина Пехчево и училиштето како и секоја година во ДК,,Јане Сандански “Пехчево и оваа година се одржуваа три проби во домот на културата ,со давање на целокупниот инвентар преку озвучување,простории,
носии во сопственост на домот.
Салата беше полна со деца и возрасна публика ,со што се обележа денот на просветните работници Св Кирил И Методи.

26.05.2025 год понеделник од 13.30 час театарска претстава Парите се отепувачка тетар Мирка Гинова од Демир Капија

29.05.2025 год Детски Републички средби Струмица .Веке 4 год учествуваме со деца соработници од домот на културата.Оваа година не претставуваат Хадиса Демирова и Кевин Ивановски, од Пехчево Освоивме 2 први награди : Хадиса Демирова освои 1 награда со учество на цртежи на тема цвеке ,и екипно прва награда со Кевин Ивановски ,цртање со сув пастел на штафелај во дворот пред дом на АРМ

Завршна манифестација на училиштето во домот на културата,,Јане Сандански“Пехчево.Подршка и соработка од домот со училиштето.

24.06.2025 год од 17 час се одржа трибина во дом на култура во соработка со сите институциии во градот ,и Општина Пехчево.На трибината присуствуваа градоначалникот на Општина Пехчево ,наставници,воспитувачи грагани на Општина Пехчево .Целта на трибината беше да се запознаат со децата со посебни потреби и ,дека секој жив човек има посебни потреби,и тие потреби треба да се почитуваа. На настанот претставници беа присутни Лео (дете со аутизам)и неговата сестричка, клинички психолог Амела Мемиш Апостолова ,сопругата Жанет на словачкиот амбасадор во Македонија која хуманитарно ги подржува ваквите настани.

11.07.2025 год изложба на карикатури од Јитеј Коестана од Индонезија .
Во склоп на програмските активности во соработка со НУЦК,,Никола Јонков Вапцаров’’од Делчево и министерство за култура и туризам ја превземавме изложбата на најпознатиот светски карикатурист ,кој им аосвоено многу награди ,Има учествувано на фестивал ,,Ин Виница Веритас’’и освоено прва награда.

12.07.2025 год .по повод фестивал на Дувачки оркестри кој традиционално се одржува веке по 15 пат во нашиот град и празникот Павловден организиравме во соработка со Општина Пехчево театар за најмалите.

Септември:

7.09.2025 год Положување на цвеке пред бистата на Ванчо Китанов по повод ослободување на градот Пехчево.
Доделување на плакети и пофалници и одржување на свечана седница во дом на култура Јане Сандански Пехчево.
Од страна на советот на Општина Пехчево и градоначалникот Ни беше доделена плакета за успешна и плодна соработка ,за придонес и зајакнување на партнерство и заедничко реализирање на проекти.

Во месец септември ставивме климатизер во просторијата каде се одржуваат изложби,со цел затоплување и ладење ,при изведба на изложба или некој друг настан, за пријатна атмосвера на уцениците и публиката која учествуваат во работилници,посета на изложба ,или друга намена.

16.09.2025 год.
32 издание Лесновска ликовна колонија .Изложба на уметнички ликовни дела изработени од повеке уметници ,во Лесново на 32 издание на Лесновска ликовна колонија .
Посета од страна на ученици ,наставници,директори и вработени на институции,соработници.Изложбата траеше 10 дена ,и беше посетена од страна на повеке грагани на Општина Пехчево.
Септември:

03.10.2025 год .гостуваше мјузикл Пинокио од Прилеп.Детска театарска претстава ,на која присуствуваа деца од градинката 7 септември и ООУ,,Ванчо Китанов од Пехчево.

Октомври:
21.10.2025 год во домот на културата во соработка со ООУ,,Ванчо Китанов''Пехчево се одржа сатирична работилница за деца со ученици од 7 одд.Предавач беше Миле Горгијоски од Делчево.Учениците пишуваа и цртаа епиграми и афоризми.Интересен настан ,учениците можеа да видат и научат нешто ново,да откријат нови таленти мегу нив,илустрации ,кои после ке послужат да се употребат на некоја изложба или ке се најдат на некоја страница од книга.Беа претставени илустрации на ученичка од Македонска Каменица Софија Ситновска

Ноември:
04.11.2025 год во 14 час.се одржа детска театарска претстава ,,Мачорот во чизми'
На преставата беа присутни деца ,уценици од градинката 7Септември и ООУ,,Ванчо Китанов''Пехчево со нивните родители и наставници.Децата прекутеатарските претстави стекнуваат внимание ,развој на другарство,почит
.Сите заедно се дружевме,веселевме,смеевме,активно учествуваа и одговараа на прашањата од страна на актерите.

5.11.2025 год во домот се одржа изложба,, Цвеке 2025 год ''на која присуствуваа директорката и соработници од Дом за деца и млади Благој Мучето од Струмица.
Беа изложени цртежи од Детски републички средби ,на која оваа година ние освоивме 2 први места со ученичка Хадиса Демирова,и Кевин Јованов ,цртање на хамер со пастел бои ,и Хадиса Демирова со учество на цртежи во ликовен конкурс.Се одржа и работилница со ученици,на присутните им се покажа техника со сув пастел.

На 20.11.2025 год Се одржа концерт на ученици од школата за гитара при ДК,,Тошо Арсов''од Виница под раководство на ментор Славко Горгиев.
Присутни беа претставници од Виница со директорката Александра Давиткова.
Прекрасен концерт ,спој на младоста и убавината на гласот,музика преточена со песна.Посетеноста беше многу слаба ,иако беа известени и училиштето,градинката ,Општината , залепени плакати,по медиум реклами...

25 до 30.11.2025 год извршивме менење на плочките во ходникот пред кино сала,со што се среди просторот за чиста и ефикасна просторија во која може да се одржуваат и изложби или некој друг настан, се во интерес на учениците и граганите на Општина Пехчево.
На 18.12.2025 год ке се одржи новогодишна детска претстава
,, Каде е дедо мраз ''со што завршуваат активностите во домот на културата за 2025 год.

ОУДК,,Јане Сандански"Пехчево

Вд Валентина Веселинска с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлука за усвојување на програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2026 година**

СЕ ОБЈАВУВА Одлука за усвојување на програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2026 година, што советот на општина Пехчево ја донесе на трета седница одржана на ден 23.12.2025 година.

Бр. 09-1461/25 | Општина Пехчево
23.12.2025 год. | Градоначалник
Пехчево | Александар Китански с.р

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр.05/2002, 202/24) и член 30 точка 27 од Статутот на општина Пехчево (Сл. гласник на општина Пехчево бр. 03/2021), советот на општина Пехчево на седницата одржана на 23.12.2025 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Програма за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2026 год.**

**Член 1**

Советот на општина Пехчево ја усвојува Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2026 година.

**Член 2**

Програмата за работа на ОУ ДК „Јане Сандански„ - Пехчево за 2026 година бр. 03-70/1 од 16.12.2025 е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Пехчево.

Бр. 08-1459/1 | Совет на општина Пехчево
23.12.2025 год. | Претседател
Пехчево | Миле Гошевски с.р.

---

**СОДРЖИНА**

1. **Вовед -лична карта на домот**

2. **Услови за работа-материјално технички**

3. **Расположливи ресурси во домот**

4. **Мисија и визија во домот**

**6.Организациска структура на домот**

**7.Годишна програма на домот за 2026 год**

**-Вовед**

**Лична карта на домот**

Градот Пехчево се наоѓа на источниот дел на Република Северна Македонија на надморска височина од над 1000 метри.

Домот на културата ,,Јане Сандански,, се наоѓа во центарот на градот.

Постои од 17.03.1975 год.и како центар на културата тука се случувале сите културни збиднувања од нашиот град.Нашиот град Пехчево секогаш имал богата културна традиција која до ден денес се негува и успешно реализира.

Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево е институција од јавен карактер од областа на културата и главен двигател на сите случувања од областа на културано забавниот живот во Општина Пехчево.

Работата на Домот на културата се базира врз база на проекти и програми подржани од Министерството за култура,од активности реализирани од страна на Домот на културата ,од активности и соработка со Општината и другите институциии во градот,и пошироко.

Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево од 1.07.2005 год.според законот за култура (службен весник на Р Северна Македонија има статус на локална установа.

Токму затоа сите активности кои се реализираат се во непосредна корелација со Општина Пехчево.Да се следат новите трендови на културата во модерниот свет, духот на новото време кои се реална потреба на населението,притоа да се опфтати зачувувањето на идентитетот на македонската култура и традиција претставува предизвик за секој културен работник.

Ова претставува потреба од менаџирање на веке постоечките материјални капацитети на Домот на културата со нивно целосно ставање во функција на културните потреби на локалното население.

Со голема флексибилност во искористување на овие капацитети може да се постигне многу на културен план ,и да се подигне нивото на културната свест кај народот.

Домот на културата е институција од отворен тип,отворена за соработка со сите институции од областа на културата ,образованието и науката,НВО секторот и сите оние кои се подготвени за соработка.

Во склоп на домот на културата секогаш постои културно уметничко друштво ,,Јане Сандански,,Пехчево кое брои околу 50 члена.

Оваа година поради неможност на пронаогање кореограф од нашиот град ,активноста со играорната беше прекината.

Се надеваме дека во догледно време ке се пријави некој и ке ја продолжиме работата со КУД,,Јане Сандански’’Пехчево.

Се изведуваaат театарски претстави од деца ученици од нашето основно училиште,,Ванчо Китанов,, Пехчево,Претстави изведени од деца од градинката ,,Седми Септември,и разни други настани.

Соработката со овие институции е взаемна бидејки тие ,и ние како дом на културата не можеме сами да функционираме ,туку со заедничка соработка и труд можеме да го оствариме се она што ни е замислено ,се со една цел подигнување на културното ниво, моралот кај нашите граѓани кои можат само да се гордеат со успесите кои ги оствaруваме секако во соработка со сите граѓани во нашиот град. Организираме изложби од реномирани ликовни уметници,организираме самостојни изложби,организираме ликовен хепенинг во природа ,културен хепенинг во играње шах и табла,разни работилници во текот на целата година со наставници и ученици од Пехчево,музички настани,промоција на книги, и ред други активности во зависност од финансиите и од желбата на учесниците .

Имаме соработка со други културни уметнички друштва од нашата земја ,па и од странство ,која покана ке ја искористиме во зависност од можноста на финансиските средства.

Во својата досегашна работа ,домот на културата има добиено многу награди,пофалници за учество на фестивали во нашата земја ,па и во странство.

**-Услови за работа материјално технички**

Домот на културата ,,Јане Сандански,,Пехчево е лоциран во центарот на градот Пехчево на ул.,,Маршал Тито бр.1.

Работата на домот на културата се одвива во еден објект,и тоа
а) зграда со вкупна површина од 540 м2 во која има канцеларија за директор со тераса ,помошна канцеларија ,зелена соба за преслекување на играорците ,гардероба,кои се наоѓаат на спратот горе.
Потоа има кино сала во која се одржуваат манифестациите,која е реновирана 2005 год.со црвени столици и е во добра состојба.
Вкупно можат да се соберат 180 луѓе.
Во зградата на прввиот спрат се наоѓа матична библиотека ,,Кочо Рацин,,која е посебно од домот на културата.Во близина на домот се наоѓа маркет Кит Го ,плоштад Св Петар и Павле,и ресторант.
2009.год.беше реконструиран покривот на домот 2010 год сменет прозорец на помошната канцеларија и ставен ламинат на истата,доле во влевот се излепени плочки и сменета врата ,купени звучници за потреби на домот и мн други неопходни работи направени кои се неопходни за успешно извршување на работните задачи.2019 е извршена реконструкција на еден зид во кино салата,2020 реконструкција на друг зид во кино салата.Извршена е замена на 2 алуминиски врати ,горе на спрат ,влез во канцеларија и влез во кино сала.2021 год е извршено порамнување на балконот во кино салата со дрвени плотни и ставено е ламинат.2022 год ходникот пред влезот на кино салата е реконструиран и премажан со лепак,мрежа и абрид.2023 год надворешната тераса е залепена со плочки,и ставена е кована ограда на тераса поради заштита ,офарбана дрвенаријата пред влезот на домот и терасата,2025 год.ставено климатизер во просторија за изложби,плочки пред влезот на кино сал.

**-Расположиви ресурси во домот**

Материјално технички ресурси

**Опрема**

| ОУДК,,Јане Сандански,, | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Просторија која се користи како | Канцеларија | Помошна канцеларија | Гардероба | Зелена соба | Кино сала | Тера са |
| Опременост со аудио визуелни и технички средства | Кино сала прожектор | звучници | печатач | двд | Компј Утер Лап топ | LCD |
| Носии женски и машки | 24 | | | | | |
| опинци | 15 | | | | | |

**Простор**

Просторните услови во домот на културата се добри одговараат на потребите на домот.
Во кино салата се одржуваат театарски претстави,манифестации,салата е акустична со 180 седишта и ги задоволува потребите на домот.
Располагаме со канцелариски простор,кино сала за одржување на манифестации и прожектор кој не е во употреба.

**2.Финансиски ресурси**

Од аспект на финансиски ресурси ,покрај средства што добиваме од културата преку државниот буџет,и од разни проекти имаме помош и од локалната самоуправа,спонзорства од бизнисмени,од закуп ,организирање на театри,откуп и продажба на слики од ликовна колонија и др.

**3.Човечки ресурси**

3.1 Вработени

| Ред.бр | Име и | пол | возраст | стаж | Стручна | Работно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | презиме | | | | подготовка | место | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Валентина Веселинска | ж | 59 | 27 | Високо образование | Вд.директор | |
| 2. | Љупчо Павловски | м | 49 | 22 | ссс | Домар хигиеничар | |

**4.Ресурси во опкружување**
Во непосредна близина се наоѓа Матична библиотека ,,Кочо Рацин,,црква ,,Св Петар и Павле,, супер Кит Го ,кафич,а во пошироката околина Општина Пехчево,Здравствен дом, комерцијална банка,ОО.У,,.Ванчо Китанов‘‘, детската градинка ,,Седми септември,,

**-Културни и образовни установи**
Општинска установа Дом на култура ,,Јане Сандански,,Пехчево ,Основно Училиште,,Ванчо Китанов,,градинка ,,Седми Септември,,со кои установи во корелација и соработка успешно ги реализираме сите активности предвидени во годината,се со цел да се доближиме до децата и граѓаните на Пехчево и да им овозможиме издигнување на културно и образовно ниво.

**-Невладини организации**
ОЖП Пехчево, Здружение на Пензионери Пехчево,

**Професионални здруженија**
Здружение на земјоделци, здружение на занаетчии, Стопанственици Здружение на пензионери,

**-Трговски друштва**
Мали претпријатија,средни претпријатија ,

**-Медиуми**
Медиумската покриеност на нашата територија нема, по потреба повикуваме медиуми од Делчево и Берово или ангажираме лице за снимање и сликање од страна, доколку не сме во можност за тоа се снаогаме сами, за сликање и снимање.

**МИСИЈА**
***Создаваме културна навика и љубов кон уметноста ,традицијата фолклорот.***

**МОТО**
***Гледај ,Учествувај,твори ,играј ,пеј и сето тоа ке ти овозможи културно издигнување.***

**ВИЗИЈА**
***Сакаме кај децата да го издигнеме културното ниво,да ги откриеме нивните таленти,да им ја пренесеме љубовта кон Етно музиката,фолклорот,љубов кон танцот и орото ,љубов кон старите носии кои го претставуваат нашиот крај ,чување на музејското богатство и одржување.***

**ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДОМОТ Н А КУЛТУРАТА**

| Орган на раководење |
|---|
| Директор |

| Орган на управување |
|---|
| Управен одбор<br>Брои 5 члена-1 од домот<br>1 од локалната самоуправа<br>3 истакнати уметници |

**Организација на работата на домот**

Во текот на целата година организацијата на Домот на културата „Јане Сандански„се состои од постојана организирање на културно уметничка програма по повод православните празници.
Го одбележување на 8 Март „Денот на жената‘‘, организираме културен хепенинг во играње шах и табла, одржување на јавни трибинина невладини и владини организации, организирање на манифестации од ОО.У.„Ванчо Китанов‘‘ и детската градинка „Седми септември‘‘- Пехчево во соработка со домот мултимедијални претстави, театарски претстави за деца и возрасни, промоција на книги, културен и ликовен хепенинг, пантомима и акробација, театар за деца и возрасни , изложби на реномирани уметници,изложби на самостојни уметници, учество на „Етно саем‘‘ во организација на Општина Пехчево, музички настани,редовно ги подржуваме сите манифестации организирани од Општината со дечиња облечени во носија кои држат погача за дочек на гости, редовно распишуваме ликовни и литературни конкурси на резлични теми а со цел одбележување на некој значаен датум. Соработуваме со повеке градови низ нашата држава ,и ги поканувме како наши гости да дојдат и да се претстават пред нашата публика.

**Годишна програма на домот на културата за 2025год.**

Музички настан (концерт)по повод престојните празници ) .
Театар за деца
Трета изложба на книги ,саем на книги во зависност со договарање на литературните издавачи.
Година ја почнуваме со изложба на карикатури од Виница In Veritas Vinica

Ке учествуваме на „Зелникот на баба ‘‘ Пробиштип .

Ден на вљубените,настан кој младите го слават ,а лозарите го величат.

Пишување на песни,дружење и забава ...
8 март 2025 ,изработка на честитки,цртање на штафелаи, пишување на песни,креативна работилница изработка на цвеке со овошје и зеленчук,по повод 8 март.
Детска театарска претстава ,во соработка со градинката и ООУ„Ванчо Китанов.

Велигденска работилница,изработка на Велигденски јајца.

Изложба Цвеке 2025 год во Струмица.

УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИЧКИ СРЕДБИ ЦВЕКЕ 2025 ГОД СО НАШИ УЧЕНИЦИ ОД ООУ„ВАНЧО КИТАНОВ’’Пехчево со свои цртежи,цртање на хамер и пастел бои.

Театарска претстава за возрасни.
Имаме соработка со сите детски театри ,театри за возрасни, музички групи,акробати,пантомими, циркузи,и други ,во нашата земја ,со кои можеме да се договориме да присуствуваат во нашиот град .

Посета на музеј со ученици од нашето училиште,ширум нашата земја.

Посета на едукативен центар Негрево .

Завршна програма од училиште во соработка со домот на културата „Јане Сандански’’Пехчево.Проби во салата во домот на културата,соработка со наставниците и учениците.

Петровден и Павловден празник на градот.Во соработка со Општина Пехчево ке поканиме некое културно уметничко друштво.

Играње на шах и табла културен хепенинг, доделување на пофалници и дипломи на учесници од страна на директорката на домот на културата.
Развивање на дружба,колективен и борбен дух,средба на млада и возрасна генерација.,потик за учество и соработка со домот на културата.

Организираме ликовен есенски хепенинг,на кој учество земаат повеке деца ,кои цртаат на терасата ,и на крајот се избира најубав цртеж,и од страна на директорката им се доделуват благодарници за учество.

Посета на лица со посебни потреби и одржување на работилница во домот на културата,со изработка на разни активности.

Самостојна изложба на повеке уметници од земјата ,па и од странство.
Изложбата трае по една недела и во соработка со ученици и наставници од основното и средното училиште во групи ,прават посета на изложбата ,и се држат едукативни часови од страна на наставниците.

Учество на ученици со гитари од музичките школи, и од страна на домови на културата.

Лесновска ликовна колонија,друга изложба преземена од Делчево,Виница ,Берово,и од други градови во државата.

Положување свежо цвеке пред бистата на плоштадот од страна на делегации и Општина Пехчево,и одржување на свечена седница

Пантомима,акробација,настап кој секогаш ги воодушевува децата па и повозрасната публика.
Стен дап комедија со наши Македонски артисти .
Соработка со повеке театри ширум земјата и покана од наша страна во зависност од договорот и финансиите .

Театар за деца и возрасни од Кичево ,Скопје ,Демир Капија ,Штип,или некој друг град ,соработка и размена на искуства и мислења со сите институции од културата.
Имаме дадено согласност на неколку физички лица ако им се одобри проектот од културата да можат да учествуваат во нашиот град се со цел развивање на соработка со други установи и центри ширум нашата земја.
Промоција на книга на наши сограгани ,па и пошироко.
Цртање и пишување на афоризми,вклучување во заеднички проект со Делчево,покана на ученици од ООУ„Ванчо Китанов"за реализирање на истото.

Домот на културата Јане сандански''Пехчево има страна ,и ако нешто повеке сакате да знаете и да видете што работи домот на културата,кои настани ги прави слободно погледајте , а може и да дојдете во нашите простории, ние секогаш сме расположени за соработка и секој е добредојден.

Изработил:
ОУДК„Јане Сандански„
Пехчево
Вд.директор
Валентина Веселинска с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Заклучок против дезинформациите за мигрантски кампови и политички манипулации**

СЕ ОБЈАВУВА Заклучок против дезинформациите за мигрантски кампови и политички манипулации.

Бр. 09-1461/26 — Општина Пехчево
23.12.2025 год. — Градоначалник
Пехчево — Александар Китански с.р

---

## ЗАКЛУЧОК
**против дезинформациите за мигрантски кампови и политички манипулации**

1. СЕ ОСУДУВА лажната кампања и манипулативното дејствување на опозициски политички субјекти, преку кои во јавноста се пласираат невистини и инсинуации за наводно прифаќање мигранти или изградба на мигрантски кампови на територијата на општините.

2. СЕ КОНСТАТИРА дека ваквите дезинформации се шират свесно и континуирано, со цел создавање паника и чувство на несигурност кај граѓаните, што директно ја нарушува стабилноста и спокојството во локалните заедници.

3. СЕ ПОТВРДУВА дека на територијата на општина Пехчево нема, ниту било побарано, ниту е договорено, ниту ќе биде дозволено воспоставување мигрантски кампови, прифатни центри или какви било трајни форми на сместување мигранти.

4. СЕ УТВРДУВА дека со овие заклучоци се става крај на сите шпекулации, дезинформации и лажни сценарија поврзани со наводно прифаќање мигранти или изградба на кампови, и се потврдува јасна и непроменлива политика против нелегалната миграција, во интерес на безбедноста на граѓаните.

5. СЕ ИЗРАЗУВА поддршка на политиките на Владата насочени кон спречување на нелегалната миграција, заштита на државниот суверенитет и обезбедување стабилност и безбедност во заедници.

6. СЕ ИСТАКНУВА дека меѓуетничките односи, стабилноста, толеранцијата и меѓусебното почитување се темелни вредности на локалната заедница и дека секое неодговорно политичко дејствување кое може да ги наруши овие односи претставува сериозна закана за општествената кохезија.

7. СЕ ПОВИКУВААТ сите политички субјекти, јавни функционери и јавни чинители да покажат одговорност во јавниот говор, да ги почитуваат фактите и да се воздржат од ширење лаги и манипулации кои можат да предизвикаат страв, тензии и нарушување на јавниот ред во општината.

8. ОВИЕ ЗАКЛУЧОЦИ претставуваат јасна порака до граѓаните дека Советот на Општина Пехчево стои цврсто во заштита на нивната безбедност, мирниот живот и стабилноста на нашата локална заедница.

9. Со цел целосна транспарентност и навремено информирање на јавноста, овие заклучоци ќе бидат објавени на официјалната интернет страница на општината, како и преку останатите официјални канали за комуникација на општината, заради целосно и точно запознавање на граѓаните со нивната содржина и со ставовите на Советот.

10. Заклучокот ќе се објави во Службен гласник на општина Пехчево.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во изминатиот период, во јавноста и меѓу граѓаните на општините се пласираа лажни сценарија и политички манипулации поврзани со наводно прифаќање мигранти и изградба на мигрантски кампови. Овие тврдења, кои не се засноваат на никакви факти или реални одлуки, предизвикаа вознемиреност, страв и чувство на несигурност кај дел од населението.

Прашањата поврзани со безбедноста, јавниот ред, стабилноста и квалитетот на животот имаат директно влијание врз локалните заедници и се од суштинско значење за работата на општинските институции. Затоа, Советот на општина Пехчево има обврска јасно и недвосмислено да реагира кога преку дезинформации и политички конструкции се создава паника кај граѓаните и се нарушува општествениот мир.

Со овие заклучоци, Советот испраќа јасна порака дека на територијата на општината нема, ниту било, ниту ќе има воспоставување мигрантски кампови или трајни форми на сместување мигранти. Истовремено, се става крај на сите шпекулации и лажни сценарија што се користат за дневнополитички цели, на штета на граѓаните и локалната стабилност.

Дополнително, со усвојувањето на заклучоците се осудува неодговорниот јавен говор и политичките манипулации кои можат да ги нарушат меѓуетничките односи, толеранцијата и соживотот во општината – вредности кои претставуваат темел на локалната заедница и мора да бидат заштитени од секоја форма на злоупотреба.

Заклучоците претставуваат и израз на поддршка на политиките насочени кон спречување на нелегалната миграција, како и јасна определба на општината да стои во заштита на безбедноста, мирниот живот и интересите на своите граѓани.

Со ова образложение, Советот на општина Пехчево ја потврдува својата одговорност да реагира навремено, јасно и транспарентно, секогаш кога локалната заедница е изложена на дезинформации, страв и политички манипулации.

Бр. 08-1383/2<br>23.12.2025 год.<br>Пехчево

Совет на општина Пехчево<br>Претседател<br>Миле Гошевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на Р.М. бр.5/2002 и Сл.Весник на РСМ бр.202/24), и член 81 од Статутот на општина Пехчево (Сл.Гласник на општина Пехчево бр.03/2021), Градоначалникот на општина Пехчево донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Решение од Градоначалник на општина Пехчево**

СЕ ОБЈАВУВА Решение од Градоначалник на општина Пехчево во Сл.Гласник на општина Пехчево.

Бр. 09-1461/27
23.12.2025 год.
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански с.р

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр. 09-1403/1
17.12.2025 год
ПЕХЧЕВО

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Ул.Равен број 8 2326 Пехчево Република Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 441 321
e-mail: opstina_pehcevo@t..mk www.pehcevo.gov.mk

**Врз основа на чл.120 ст.9, чл.124 ст.1 т.3 од Законот за заштита на децата, градоначалникот на Општина Пехчево на ден 17.12.2025 година го донесе следното:**

## РЕШЕНИЕ

**РЕШЕНИЕТО број 09-495/1 од 16.05.2025 година на Градоначалникот на Општина Пехчево со кое СЕ РАЗРЕШУВА Васка Симовска од Пехчево** од местото Директор на **Општинска Јавна Установа –Детска Градинка "7Септември"- Пехчево ОСТАНУВА НА СИЛА.**

**СЕ ЗАДОЛЖУВААТ** службите на Општина Пехчево решението да го достават до **Општинска Јавна Установа –Детска Градинка "7Септември"- Пехчево**, како и да го објават во службен гласник на Општина Пехчево.

### *Образложение*

Постапувајќи по задолжението дадено во Решение на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, РО.број 0904-155 од 12.11.2025 година со кое Жалбата на Васка Симовска од Пехчево, изјавена против Решението број 09-495/1 од 16.05.2025 година на Градоначалникот на Општиа Пехчево, СЕ УВАЖУВА. Решението број 09-495/1 од 16.05.2025 година на Градоначалникот на Општина Пехчево СЕ ПОНИШТУВА и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување пред првостепениот орган, Градоначалникот на Општина Пехчево по добиен допис од страна на Управниот одбор на ОЈУДГ 7ми Септември Пехчево од 11.12.2025 година под број 002-457/6 со која Одлука СЕ СТАВА ВОН СИЛА претходната Одлука бр.02-282/3 од 23.07.2025 година на претходниот Управен одбор на установата, заради целосно неутврдена фактичка состојба. Имено видно од текстот од донесената Одлука од 23.07.2025 година констатирано е дека СЕ УСВОЈУВА годишниот извештај за работа а при што во контекст на истото нема никакво образложение што се усвојува и врз основа на што се усвојува. **Од напред изнесеното Управниот одбор на ден 11.12.2025 година кое во нов состав ја преотвори постапката на донесување на Одлуката за Усвојување на годишниот извештај при што со мнозинство гласови констатираше дека вака донесената одлука без ниту еден збор во образложението за нејзината причина за усвојување одлучи истата да ја стави вон сила како непотполна и нецелосна.**

Согласно горе наведеното во законски предвидена постапка од страна на Управниот одбор на ОЈУДГ 7ми Септември Пехчево поднесената годишна програма од страна на Васка Симовска од Пехчево заради очигледни недоследности и недостатоци во делот на образложението кои всушност не се дадени ниту образложени ниту пак наведено што е усвоено, што е реализирано, кога е реализирано, дали е реализирано. Со оглед на наведеното очигледно и неспорно е да тогашната Директорка Васка Симовска воопшто ја нема остварено годишната програма за 2024/2025 година. Од тие причини Градоначалникот на Општина Пехчево донесе Одлука како во диспозитивот на ова решение и тоа постапувајќи согласно своите законски овластувања како градоначалникот на Општина Пехчево заради подобрување на квалитетот на работењето на **Општинска Јавна Установа –Детска Градинка "7Септември"- Пехчево, а со оглед да тогашниот Директор на наведената установа има постапено спротивно на чл.124 ст.1 т.3 односно истата не ја остварила годишната програма за 2024/2025 година како што е предвидено согласно истата програма**.

**Правна поука:**

Согласно Законот за заштита на децата, незадоволната страна има право да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на прием на ова Решение.

**Градоначалник на**

**Општина Пехчево,**

**Д-р.Александар Китански**

**С О Д Р Ж И Н А:**


**1.** Одлука за усвојување на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година ____________________________ 3;
**2.** Одлука за извршување на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година ___________________________ 41;
**3.** Одлука за утврдување на вредност на бодот на платите на државните службеници за 2026 година ________________________________________________________________________________ 47;
**4.** Одлука за утврдување на висината на благајничкиот максимум за 2026 година ______________ 48;
**5.** Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на општина Пехчево за 2026 година _49;
**6.** Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2025 година ______________________________________________________________________________ 55;
**7.** Одлука за усвојување на Програма за работа на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево за 2026 година_62;
**8.** Одлука за усвојување на програма за работа на Доброволно противпожарно друштво - Пехчево, за 2026 година ________________________________________________________________________66;
**9.** Програма за здравствена и социјална заштита на општина Пехчево, за 2026 година ____________73;
**10.** Програма за еднакви можности меѓу жените и мажите на општина Пехчево и работа на КЕМ, за 2026 година _________________________________________________________________________ 94;
**11.** Одлука за усвојување на програма со акциски план за спроведување на активности за превенција за детско престапништво, за 2026 година ___________________________________________________ 98;
**12.** Одлука за усвојување на програма за работа на локален младински совет на Општина Пехчево, за 2026 година ____________________________________________________________________ 106;
**13.** Јавен повик за пријавување на лица за членови во управен и надзорен одбор во ЈКП ,,Комуналец,, - Пехчево __________________________________________________________________ 112-115;
**14.** Одлука за усвојување на план за јавни набавки на ОУ МБ ,,Кочо Рацин,, - Пехчево, за 2026 година ______________________________________________________________________________ 117;
**15.** Програма за изградба, реконструкција и одржување на јавно осветлување на подрачјето на општина Пехчево, за 2026 година ___________________________________________________________ 119;
**16.** Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи и канализациона мрежа, одржување и изградба на речни корита и уредување и изградба на вештачки системи во општина Пехчево, за период 2026 год ___________________________________________________________________ 121;
**17.** Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици во општина Пехчево, за 2026 година ___________________________________________________________ 123;
**18.** Програма за изработка на планови за општина Пехчево, за 2026 година ____________________ 125;
**19.** Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Пехчево, за 2026 година _127;
**20.** Одлука за усвојување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на РСМ на подрачјето на општина Пехчево, за 2026 година __________________132;
**21.** Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Пехчево, за 2026 година ______________________________________________________________________________160;
**22.** Одлука за утврдување на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу општина Пехчево и општина Берово ____________________________________________________ 170;
**23.** Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2025 год ________________________________________________________________________________ 172;
**24.** Одлука за усвојување на програма за работа на ОУ ДК ,,Јане Сандански,, - Пехчево за 2026 година ______________________________________________________________________________ 176;
**25.** Заклучок против дезинформациите за мигрантски кампови и политички манипулации __182;
**26.** Решение ________________________________________________________________________ 184;